РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

ГОДИНА XXIX, БР. 158 (3/2025)

Стожер

dpm-pisateli.mk/stozer

ISSN 1409-6005

НАГРАДА „КНИЖЕВЕН ЖЕЗОЛ“ ЗА СЛАВЕ ЃОРЃО ДИМОСКИ И РАДМИЛА ЛАЗИЌ

ИНТЕРВЈУ СО ЛАСКО ЦУРОВСКИ

„БРЗ Е ВЕКОТ“ ЧЕСТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИНИ: ЖИВКО ЧИНГО, ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ, КАТА МИСИРКОВА-РУМЕНОВА, ТОДОР ЧАЛОВСКИ

„СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ – 2025













Од настаните на ДПМ

СОДРЖИНА

03. 150 години од смртта на Хорас Лант
Славчо Ковилоски
04. Книжевен жезол (Славе Ѓорѓо Димоски и Радмила Лазиќ)
06. Книжевен жезол (Славе Ѓорѓо Димоски и Радмила Лазиќ)
10. „Брз е векот“
Чествување годишнини
14. Беседа
Наташа Аврамовска
16. Песни
Стојан Тарапуза
17. Песни
Ли Суо
18. Мини есеј
Катица Ќулавкова
19. Поезија препев
Су Ши'
20. Песни
Васил Дрвошанов
20. Проза
Петре Димовски
24. Расказ
Расказ
27. Песни
Лејла Шериф Емин
28. Расказ
Александар Кујунџиски
30. Песни
Ели Маказлиева
31. Став
Катерина Богоева
34. Студија
Стефан Марковски
36. Една песна
Ѓуро Видмаровиќ
37. Песни
Луљета Лешанаку
38. Осврт
Љубинка Донева
39. Факсимил од песна
Радмила Трифуновска
40. Струшки вечери на поезијата 2025
41. Есеј
Вера Стојчевска-Антиќ
42. IN MEMORIAM: Цане Андреевски
43. Хроника на ДПМ
45. Стрип
46. Стари фотографии

Пишува: Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник

15 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ХОРАС ЛАНТ

УДК 929Лант, Х.
УДК 811.163.3'36



Годинава навршуваат 15 години од смртта на Хорас Лант (1918 – 2010) со кого се поврзува едно од најзначајните достигнувања на македонистиката, објавувањето на првата Граматика на македонскиот литературен јазик на англиски јазик во 1952 година. Овој познат факт добива уште повеќе на значење бидејќи потфатот на Лант се случил во раната фаза на конституирањето на македонската држава, во време кога штотуку започнала работата на првиот македонски универзитет „Св. Кирил и Методиј“, кога македонската книжевност и историографија ги започнувале првите чекори во создавање дела на стандарден македонски јазик и во време кога на тој јазик му требало меѓународна афирмација.

Интересот кон славистичките студии го започнал студирајќи на колеџот „Харвард“, Универзитетот „Калифорнија“ и Универзитетот „Колумбија“, меѓу другите. Признат како еден од најдобрите стручњаци во своето поле, неговите трудови за словенските јазици и литератури ќе ги унапредат славистичките студии во САД и во светот преку прилозите, објавувани во различни изданија, како на пример: The Slavic and East European Journal, Harvard Slavic Studies, Slavic Word, International Journal of Slavic Linguistics and Poetics, Old Church Slavonic Grammar итн. Во 50-те години на XX век тој е веќе на врвот на неговата работа како славист, дејност што ќе ја продолжи во текот на следните децении (предавал, пишувал и редактирал руски, староруски, старословенски, чешки, украински, српско-хрватски текстови). Неговата исклучителна дарба за учење на словенските јазици ќе се покаже и повеќе од добредојдена за афирмација на македонистиката во светот, но и на Македонија и на македонскиот народ.

Во оваа прилика ќе наведеме и само дека долгорочниот интерес на Лант за македонскиот јазик му започнал во средината на 40-те години кога присуствувал на часовите на чешкиот професор Антонин Фринта. Фринта тогаш држел лингвистички предавања на Карловиот универзитет во Прага. И следува податокот изнесен од Лант: „најверојантно, ова беше првиот регуларен курс по македонски понуден од нејугословенска институција“. Еве можност да му изразиме благодарност и на Фринта како човек кој го вовел македонскиот јазик во славистичкиот свет, но и како човек кој му дал поттик на Лант да го направи историскиот подвиг со објавувањето на неговото дело.

Во Граматика на македонскиот литературен јазик Лант ексцерпирал примери во трите дела на неговото дело: граматика, избрани дела и речник. Освен составувањето на граматиката, Лант е и првиот лексикограф кој подготвил македонско-англиски речник. Истовремено, тој е и првиот којшто македонската литература се обидел да им ја претстави на славистите од англиското говорно подрачје, подготвувајќи избор текстови од македонскиот фолклор, книжевната историја и белетристиката.

Сосема за крај, во Граматиката, кратката историја на македонскиот јазик Лант ја започнал со констатацијата дека од неговите дијалекти бил создаден првиот словенски литературен јазик, старословенскиот, кој бил дело на солунските браќа Кирил и Методиј, познати како „словенски апостоли“. Наспроти некои тенденции овој јазик да го прикажат како „старобугарски“, Лант укажува дека сосема може да се оправда употребата „старомакедонски“ јазик. Ни се чини, нема потреба од дополнителни коментари.

УДК 821.163.3-1 УДК 821.163.41-1

ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА „КНИЖЕВЕН ЖЕЗОЛ“ НА ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

На 13 јуни во Друштвото на писателите на Македонија се одржа свеченото доделување на наградата „Книжевен жезол“ за творечки опус на поетите Славе Ѓорѓо Димоски и на Радмила Лазиќ од Србија. За поезијата на Димоски беседеше поетот Зоран Јакимоски, а за творештвото на Радмила Лазиќ пригодна реч одржа академик Катица Ќулавкова.

Трите предвидени награди на анонимниот конкурс на тема „Помеѓу пејзажот и бетонот“ не беа доделени.

Славе Ѓорѓо Димоски
ОКОВАНИОТ РИС

јас сум окованиот рис од македонија
врз сурите карпи од внатре што татнат
орелот е мисла што ме гледа в очи
пред да ми откине парче со железниот клун

од моите разбранети гради
пред да ми ги продупчи со железниот клун
дур го очекувам тој удар
во времето без почеток и крај
го гледам в очи – очите ми се радари
и го мерат секој дел
што ја претставува неговата внатрина

– орлу! му викам – орлу!

го остри својот железен клун
подготвен за војна
во која ќе нема борба
оти тој е мисла што ме гледа в очи
во кои вреат ровови полни месо и реа
над кои дува некој своевиден антиветар

Радмила Лазиќ
EVERGREEN
(Дороти Паркер блуз, 2003)

Смачено ми е од осамени жени.
Тажни. Нажалени. Напуштени.
Чии души пловат небаре шишиња со порака
фрлени в море.
Смачено ми е од тажачки.
од соучеснички, друшки, сестри.
Од стари моми и од моми за мажење.
Од вечни вдовици
Чии срца течат и капат
Како расипани чешми.
Смачено ми е од тој посмртен марш.
Немам ништо повеќе со вас.

Смачено ми е од мајчички скокалки
И верни сопруги со спуштени погледи –
Заштитнички на ланските снегови и рајските градини.
Смачено ми е од вашите споменари и хербариуми
Од пресувани химени и испеглани брчки.

Смачено ми е од вашите замрзнати таленти
Што крчкаат во тенџерето на Неговото омилено јадење.

Од вашите црни дропчиња и похуван мозок.
Од вашите празни кревети и изгланцан паркет
Врз кој се лизга месечината
Наместо шекспировски двогрби sверови.
Немам ништо со вас.

Смачено ми е од вашите натежнати задници
Подбрадоци, подочници, абортуси,
Од вашите диети, депилации, ондулации,
Од вашите деколтеа, високи потпетици,
Шлицови и преостанати јадици.
Смачено ми е од ноќињава под масава
Од погледон под око.
Лицитација и распродажба.
Кој-кому, кој-кого.

Смачено ми е од вашите аперитиви и десерти
Од младите стршени и безопасните бумбари –
Од вашите слатки отрови.
Од сакање до смрт и од љубовта до крајот на животот.
Од вашето Седмо небо што достига
До врвовите на Неговите чевли. Од вашите –
Витлееемски јасли – неговото меѓуножје.

Смачено ми е од вашето „По желба на слушателите“
Вашето nevermore е стара песна,
Evergreen на вашите доцни запролетувања.
Сè би дале за еден маж
Во ликот на беспомошниот бог,
Вие ребра Адамови,
Немам ништо со вас.

Јас би била танчарка на трапез,
Одачка по жица, кротителка на лавови.
Низ огнениот обрач би скокнала
Во сечие грло или срце
За да се родам повторно во породилни болки.
Сè би направила исто и сè поинаку.
Со неговата сакана глава
врз мојот стомак – чинијата на Саломе.

Препев: Лидија Димковска



ЗА „КНИЖЕВНИОТ ЖЕЗОЛ“

Владо Вељаноски, човекот што од самото основање на меѓународната манифестација „Празник на липите“ во 1996 г. изработува „книжевен жезол“ за добитниците на наградата на ДПМ.

„Книжевниот жезол“ во Друштвото на писателите неколкупати го менувал изгледот: од вистински жезол, понекогаш повисок од авторот на кој бил доделен, преку „скратен“ жезол висок педесетина сантиметри, па сè до мермерна статуетка. Првиот договор со Светлана Христова-Јоциќ гласел дека наградата жезол треба да биде со должина од 160 до 180 см., а во тоа време без мобилни телефони и без скенери, копаничарот од Кичево и претседателката на ДПМ од Скопје користеле факс машина за скицирање и за договарање на конечниот изглед на признанието што македонските писатели го доделуваат на еден домашен и на еден странски автор. Отаде сите членови и променливи раководства на Друштвото, Владо Силјаноски е ненаметливата константа што можеби најмногу може да се поврзе со наградата на ДПМ „Книжевен жезол“. Г. Владо Силјаноски, кој порано секоја година лично ги доставувал жезлата до просториите на ДПМ, низ годините се трудел да води и евиденција за добитниците на наградата, а во својот дом, што на моменти наликува како изваден од приказна, чува и бројни исечоци од весници и изданија на книги поврзани со „Книжевен жезол“ и со „Празник на липите“ – импресивна архива на која и самото Друштво на писатели може да ѝ позавиди. И за која сигурно треба да биде благодарно.





УДК 655.26(047.53)

СЕКОЈ ФОНТ ИМА СВОЈА ПРИКАЗНА: ИНТЕРВЈУ СО ЛАСКО ЏУРОВСКИ

Ласко Џуровски е можеби најпознатиот македонски типограф. Графички дизајнер, уметник, автор на дизајните на банкнотите од 200 и 2000 денари, човек што се посветил на афирмирање на македонскиот јазик преку писмото. Изработил голем број фонтови, како што се: Стоби, Скола, Аманет, поема, Калеш, Илинден 903, АСНОМ, Глаголица Нова, Рацин, Блаже, шест фонта за „Светот на Биби", фонт фамилијата „Клон" која содржи 98 различни стилови итн.

Господине Џуровски, се плашам дека ќе повторам некои од прашањата на кои последниов период Ви ги поставуваат, но морам да почнам вака: Зошто и од каде идејата за создавање и промоција на фонтови кои соодветствуваат на македонската азбука?

Од очигледна причина – такви фонтови недостасуваат. Таа состојба е присутна на сите медиуми дури е и многу иритирачка, особено кога ќе посведочите на ситуации во кои е незамисливо да употребите туѓи букви. Типичен пример за тоа е кога празничната честитка за денот на македонскиот јазик ќе ја видите напишана со бугарски букви. Не разбирам зошто, кога веќе имате свои, македонски, или се работи за незнаење, за непознавање на сопственото писмо, сопствената азбука. Ова е една од причините што ме инспирира да создавам македонски кирилични фонтови, да дадам сопствен придонес во зачувувањето на традицијата, писмото, кое е неделиво од јазикот, тие нè прават уникатни и горди, како народ и нација, ни овозможуваат да ја испишуваме традицијата и историјата со наши, карактеристични македонски кирилични букви. Некои го нарекуваат нашето писмо „кирилско", јас воопшто не се согласувам со тоа, тоа е погрешно, нашето писмо е кирилично, ние пишуваме на кирилица, како што други јазични подрачја пишуваат на латиница. Според мене „кирилично" е многу поширок и посоодветен поим од „кирилско", овој израз звучи како да пишуваме со ракопис на еден човек – Кирил, со цела почит кон неговото дело, ние пишуваме со писмото кое според него е наречено кирилица, нашите фонтови се кирилични а не „кирилски".


Од кога се занимавате со креирање фонтови? Кој е мотивот за тоа? Од каде инспирацијата?

Со креирање фонтови се занимавам околу 30-тина години. Почетоците беа кога во моето дизајн студио „Тотем" работев графички дизајн на материјали во кои паралелно се користеа англиски и македонски јазик. Според моите сфаќања на дизајнот, од визуелен аспект, текстот напишан на кирилица (македонскиот) не изгледаше убаво затоа што не беше напишан со истиот фонт како текстот напишан на латиница (англискиот), тоа беше директен поттик да почнам да истражувам за да најдам решение на овој проблем. Одговорот лежеше во набавка и изучување на софтвер кој ми овозможи да ги адаптирам буквите од латиничните фонтови во кирилични. Така текстовите изгледаа многу поинаку, беа покомпактни и визуелно соодветствуваа еден со друг. Меѓутоа, тоа „запали" една друга искра во мене, се запрашав, зошто да адаптирам фонтови од други автори кога можам да креирам свои, оригинални македонски кирилични фонтови. Така започна мојата типографска приказна која ме вовлече во тој свет со неограничени можности кои ги отвора дигиталната типографија, како некоја магија која кога ќе ве зароби не ве испушта.



Дефинирање на изгледот на буквите на македонската кирилица и негово документирање во соодветните државни институции

На сликите подолу се прикажани почетните букви од македонската кирилична азбука кои припаѓаат на четири основни категории (стилови) на фонтови. Препорачувам на овој начин да бидат документирани сите букви од македонската кирилична азбука категоризирани според основните категории на фонтови на кои им припаѓаат. Со тоа, би имале соодветен документ кој визуелно го дефинира изгледот на македонските автентични кирилични букви од четирите основни категории (стилови) на фонтови.



©Ласко Џуровски

Кој е најголемиот предизвик при создавањето на нов фонт, што е најтешко: да се осмисли визуелно или да се изработи?

Оригиналноста. Многу е тешко да се биде оригинален во типографијата, постојат милиони дигитални фонтови, сепак, неограничени се и можностите кои ги нудат комбинациите на формите, креирањето на карактери кои функционираат заедно, како група која формира текст кој е визуелно прифатлив и читлив за човечкото око а тоа е примарната цел во креирањето фонт - да биде лесно читлив и да не го заморува окото на читателот, да биде „неприметлив“, да ви овозможи лесно да се сконцентрирате на она што е напишано без да се мачите тоа да го прочитате. Во мојот случај, осмислувањето на нов фонт не следи некој „стандарден“ начин на работе, мене ме инспирираат формите околу мене, не мора тоа да бидат букви, креирањето фонт често започнува со некоја форма со која можете да „жонглирате“ додека не дојдете до нешто што ќе резултира со буква која ќе биде зачеток на фонт. Изработката на фонт воопшто не е лесна ниту едноставна, бара многу време и стрпливост, анализи, манипулација со форми и бројки, креирањето на фонтови е веројатно најтешката дисциплина во графичкиот дизајн затоа што бара познавање на сите елементи кои дизајнот го прават функционален. Дури и завршените фонтови не се завршени, секогаш можете да пронајдете во нив некој детал кој ќе го промените за да функционира фонтот подобро, дизајнот на фонтови е една од оние приказни кои со право можат да се наречат „бескрајни“.

Постои ли некаква приказна зад секој новоизработен фонт, во смисла да го читате Конески па да го визуелизирате широкото Прилепско Поле, или можеби при работата слушате стара и автентична македонска музика. Што има зад приказната и очигледната возбуда што се крие при креирањето фонт?

Да, секако, секој фонт има своја приказна. Кога веќе го спомнавте Конески, директна инспирација за мојот фонт „Алтан“ беа стиховите од неговата песна „Тешкото“: Зурли штом диво ќе писнат, штом тапан ќе грмне со подземен екот... Пробав на различни начини да ги напишам рачно овие стихови и така се роди „Алтан“, фонт на кој се уште работам. Слушам музика додека работам, не само македонска, често слушам инструментална музика, кога ќе „влезам“ во фонтот, тоа што се случува околу мене е некако замаглено, во втор план, светот на типографијата ме „вовлекува“ во себе и ми открива нови, непознати патишта кои мислев дека веќе сум ги изодел. Возбудливо и незаборавно е чувството кога ќе видите дека она што сте го креирале функционира во вистинскиот живот, кога околу вас гледате натписи напишани со ваш фонт, насловни страници за книги и цели книги напишани со ваш фонт, кога ќе отворите да прочитате весник, а неговите страници се испишани со ваш фонт. Прекрасно, инспиративно и обврзувачко.

Имате ли некој омилен фонт? И имате ли некој омилен автор кој најмногу Ве инспирирал да започнете нов проект: Рацин, Конески, можеби Марко Цепенков, бидејќи забележав дека често пати се повикувате на народното македонско творештво.

Омилен фонт ми е „Скола Санс“. Тоа е еден од моите први комплетни фонтови кои ги дизајнирав. „Скола“ е еден од најмногу користените мои авторски фонтови, тој е бесплатен фонт и го креирав со единствена цел да се амортизирам недоследностите кои постојано се присутни на сите медиуми, поточно кажано, се употребуваат фонтови во кои пишува дека содржат македонски букви а тоа не е точно, тие се всушност бугарски. Ова го велам без намера да ја омаловажам бугарската кирилица, напротив, јас ги почитувам сите светски кирилични писма, тие се културно богатство на светот, секако меѓу нив ја вбројувам и нашата македонска кирилица која заслужува должна почит како рамноправен припадник на светското културно на-



МАКЕДОНСКО КИРИЛИЧНО ПИСМО
споредено со бугарското кирилично писмо

Македонското кирилично писмо е уникатно и единствено и се разликува од бугарското по буквите кои се карактеристични само за македонската азбука. Во табелата подолу се претставени буквите кои ги сочинуваат суштинските разлики помеѓу овие две кирилични писма.

МАКЕДОНСКА КИРИЛИЦА			
Регулар		Ајталик	
В	в	*В*	*в*
Г	г	*Г*	*г*
Д	д	*Д*	*д*
Ѓ	ѓ	*Ѓ*	*ѓ*
Ж	ж	*Ж*	*ж*
З	з	*З*	*з*
S	s	*S*	*s*
К	к	*К*	*к*
Л	л	*Л*	*л*
П	п	*П*	*п*
Т	т	*Т*	*т*
Ќ	ќ	*Ќ*	*ќ*
Ц	ц	*Ц*	*ц*

БУГАРСКА КИРИЛИЦА			
Регулар		Ајталик	
В	в	*В*	*в*
Г	г	*Г*	*г*
Д	д	*Д*	*д*
/	/	/	/
Ж	ж	*Ж*	*ж*
З	з	*З*	*з*
/	/	/	/
К	k	*К*	*k*
Л	л	*Л*	*л*
П	n	*П*	*n*
Т	m	*Т*	*m*
/	/	/	/
/	/	/	/

Автор на споредбените примери: Ласко Џуровски.
При изработката на оваа табела користени се материјали од Wikipedia. Заради поголема прегледност не се презентирани комплетните азбуки туку само оние букви кои се различни.

следство. Автор кој ме инспирирал да се занимавам со дигитална типографија е Ерик Спикерман, од него научив дека фонтот не го прави една буква туку група на букви кои беспрекорно функционираат заедно и кои се исклучително прецизно технички дизајнирани.

Инаку, македонското народно творештво е неисцрпна инспирација, уживам да разгледувам и анализирам стари македонски книги и ракописи, резултат на едно такво истражување е фонтот „Аманет" кој е директно инспириран од натпис во црква од прилепско, мојот фонт „Јаков" е базиран на буквите напишани на страниците на „Часослов", издание печатено во Венеција во 1566 година...

Понекогаш кон нашето македонско писмо се однесуваме здраво за готово, односно сметаме дека доволно ги познаваме графемите на македонската азбука и повеќе не обрнуваме внимание на неа. Ми се чини дека нема ништо попогрешно во ваквото наше сфаќање, бидејќи честопати укажувате на недоследности при користењето на македонската азбука во најразлични објави.

Тоа е резултат на тоа што немаме стандардизирана македонска кирилица, изглед кој ќе биде верифициран и достапен за преземање во соодветните државни и нституции. Дигиталната технологија налага нови превила во типографијата. Нашите институции ни оддалеку не се занимаваат со тоа, владее тотална незаинтересираност и како резултат на тоа ние наместо да напредуваме и да ги искористиме можностите за развој на македонската кирилица ние назадуваме.

Недоследностите во употребата на македонската кирилица се присутни насекаде околу нас, на сите медиуми, дури и во учебниците што е несомнено поразителен факт кој сам по себе зборува за односот на државата кон кирилицата која заедно со јазикот е еден од основните темели на нашиот идентитет.

Колку индивидуалците, а колку институциите се придржуваат до правилната употреба на македонските букви?

Многу малку, ретки се институциите кои се загрижени и внимаваат на правилната употреба на македонското кирилично писмо што впрочем е и нивна законска обврска. Зачудувачки, но сакам да го спомнам фактот до кој дојдов во моите истражувања, најмалку грешки во употребата на македонската кирилица се прават во графитите напишани на ѕидовите низ нашите градови. Сметам дека тоа е резултат на тоа што тие букви се пишуваат рачно, не се резултат на она што ви го „сервира" компјутерот и ако малку не внимавате резултат на тоа се грешки кои ја „убиваат" македонската кирилица.

Стапицата што треба да ја избегнеме е фразата „Таков е фонтот" која најчесто се користи како оправдување за грешките. Всушност, најголемиот број од тие фонтови ги содржат во себе македонските кирилични букви, само треба да се побараат и соодветно да се употребат. Индивидуалците, особено оние кои се одговорни во односот кон кирилицата, придонесуваат да се разбистри онаа црна слика која честото повторување на грешките ја создава за неа. Иднината лежи во соодветната едукација за употребата на македонската кирилица која треба да се спроведе во училиштата за да ја зачуваме македонската кирилица која е уникатна и единствена.

Институциите се тие кои треба да го спроведат тоа во практика, се разбира, ако се разбудат од летаргијата и зачмаеноста во однос на македонската кирилица и нејзината егзистенција во дигиталната технологија.

Во една прилика имате изјавено дека: „македонските кирилични фонтови се бескрајна приказна, започната од нашите просветители, браќата Кирил и Методиј". Која е разликата помеѓу македонските и соседните бугарски и српски фонтови. Постојат ли очигледни разлики или станува збор за ситници?


Да, и сега стојам на тоа што го изјавив, таа приказна се уште трае и ќе трае уште долго, бескрајно. Додека постои светот ќе постојат и буквите бидејќи се тие, како и јазикот, основно средство за комуникација меѓу луѓето.


Што се однесува до разликите меѓу македонските и соседните бугарски и српски фонтови, да, секако дека постојат. Од српската кирилица не разликуваат само две букви, додека од бугарската многу повеќе. Тоа не се ситници, се работи за сосема различни букви кои ги дефинираат карактеристиките на секој јазик.

Без букви нема литература, толку е едноставно. Што може и колку може еден фонт да ја влијае врз еден прозен состав или пак, врз поезијата? Колку фонтот ја менува книжевноста?


Да, се согласувам со вашата констатација. Фонтот не може директно да влијае врз прозата или поезијата, врз содржината, но фонтот може многу да придонесе преку нивната визуелна презентација да се приближат до читателот, да го „вовлечат" лесно во приказната и да го водат низ неа на еден природен начин.

Кохезијата на книжевноста и фонтовите преку кои таа е визуелизирана, поетски кажано, ги оживуваат уникатните чувства кои создаваат море низ кое пловите чувствувајќи ги брановите, бурите, ветровите, откривајќи нови светови кои се опишани и напишани на еден многу едноставен начин – секој глас има своја буква, секоја буква има свој, оригинален изглед...




Денови,

Како на вратот ѓердани
тешки камења студени,
така на плешки денови
лежеле та натежнале.
Денови ли се – денови
арбанашки маки големи!
Стани си утре порано
дојдиси вечер подоцна,
наутро радост донеси
навечер тага однеси –
ај, пустии да е, туѓи да би
останал живот кучешки!


Денови

Како на вратот ѓердани
тешки камења студени,
така на плешки денови
лежеле та натежнале.
Денови ли се – денови
арбанашки маки големи!
Стани си утре порано
дојдиси вечер подоцна,
наутро радост донеси
навечер тага однеси –
ај, пустии да е, туѓи да би
останал живот кучешки!

©Ласко Цуровски



УДК 821.163.3.09

„БРЗ Е ВЕКОТ“

ЧЕСТВУВАЊЕ ВО ДПМ ВО ЧЕСТ НА ЖИВКО ЧИНГО (90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО), ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ (90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО), КАТА МИСИРКОВА-РУМЕНОВА (95 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО) И ТОДОР ЧАЛОВСКИ (80 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО)

90 години од раѓањето на ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ

ВРАЌАЊЕ

Војната заврши. Селаните кои беа евакуирани по градовите одамна се вратија на своите пепелишта, а ете, најпоследни се враќаат тие тројцата: Аџигого, неговата жена Јана и магарето. И сите тројца со наведнати глави одеа по патот.

„Татко!“

„Тука сум, мајко.“

Се одгласи старецот.

„Наопаку сум превртена.“

„На раце одам, а така е страно, ох-“

(косата ми се влечи камењата ми ја кубат леле ти стар вампиру што не ме превртиш пак на нозе)

Патот беше заграден со глоговина. Заградеста беше полна со запурнина.

Старецот се кинеше; сакаше да ѝ помогне, но таа стоеше здрвено и усукано на сред пат со очите, носот и устата забодена во просторот што го потпираше небото, ѝ викаше да се врати, но таа:

Беше превртена наопаку, со нозете нагоре, и одеше на раце по боцкавите камења, од прстите и капеше крв, но одеше и не сакаше да се врати кај старецот, и колку подалеку одминуваше косата сè повеќе ѝ ја откубува камењата, влакно по влакно, но сигурно и од корен, никогаш повеќе не ѝ никне.

(клетниците за нозе те обесуваа)

Усвитеноста го замелешуваше, а нему му доаѓаа солзи, и некако требаше да ги запре, да не затечат, проклетите, од каде уште ги има во него. Нејзе телото сè уште и се тресеше од внатрешни распукнижувања, потоа нешто некаде ја одвелкуваше, премалено се бранеше, се препелкаше:

„Пушти ме, јас и вака ќе одам, ако ми се нозете нагоре, пушти ме! Таму е лето, сонце има во стрништето, пушти ме да одам таму, гледај – “

Таму, напред, постоеја тие простори: стрниште, пресно, и сонце истурено во него, а земјата пржликаше, се оплодуваше од сонцето, но тоа беше таму напред, зад мрежа челична; во заградот на мрежата каде што се наоѓаше таа со нозете нагоре и заштукана со рацете во нешто лигаво и мокро, имаше остатоци од јануари, мали боцкави, налик на грутчиња мраз; не можеше да излезе од челичната мрежа, а сепак во неа имаше надеж.

(јас ќе стигнам дотаму татко, сонцето ќе

ме оплоди и јас ќе родам лето)

А тие тројцата токму чекореа во летото. Горе, кога ќе ја изодат планината, ќе стигнат и во стрништата, па можеби и не ќе можат да чекорат од плиснатото сонце.

Летото беше спуштено над планината, во долината, но најмногу го имаше по патот претворено во издробени топли камења, во ситна прашина, го имаше и во спржените грмушки глог со рачвасти трње, а најмногу во самото присуство на жетварите што ја засилуваа запурнината со своето хорско жеталење. Старецот вистински го чувствуваше летото на своите рамена. А Јана во својата челична заграденост имаше само боцкав, смрзнат јануари и во него беше заштукана со рацете наместо со нозете

(велиш леб кога просеше, на селските порти со стапчето кога удираше да ти подадат корче суво добрите луѓе, тогаш дојдоа проклетите, во жолто облечени и те одведоа, и те одведоа животот да ти го заградат со челични шипки сите месеци да ти ги направат само јануари о жено зар немаа милост твојата побелена коса да не ти ја избричат и да не те обесуваа со главата надолу? Врати се мајко преврти се пак на нозе и да кинисаме уште оваа угорнина е во нашиот живот)

Јана престана да зборува. Секнаа и оние распукнувања внатре во неа. Беше мирна, омрлушена и висната на неговата рака. Двајцата стоеја на среде пат. Патот се појавуваше од хоризонтот, се провлекуваше плашливо меѓу две редици ореови стебла, пото заграден со глогови грмушки дотекуваше до нив полн со лето, со шушликање, со изгореност, со истапканост, а нагоре во планината го влечеше магарето. Магарето веќе ја искачуваше угорнината.

„Мајко да седнеме во меѓава"

Таа ништо не рече, но и не се противи кога тој ја одведе во меѓата и ја седна во подгорената трева. Чувствуваше слабост во жилите и добро беше тоа што седнаа. Старецот не седна. Остана свиткан над неа сè додека не забележа враќање од онаа заграденост со челична мрежа. А кога погледна нагоре откри дека сонцето е заробено во дупка од облаци.

„Ќе врне"

Рече тивко и пак замолче.

Неколку минути подоцна врвот на планината разцветуваше од молскавици. Облаците се претворија во тропот. Другите планини што ја заградуваа котлината го дочекуваа тој устрем на небото и двојно посилно го враќаа.

„Ние треба да ја накачиме оваа угорнина."

Старецот мислеше дека е поарно да се накачат во планината. Овде е ниско. Небото ќе ја избрца снагата на планината со огнени ножови и таа ќе избликне. Ќе не потопи овде. Горе е поарно,

Јана не се противеше кога тргнаа нагоре. Одеа еден до друг како секогаш во животот.

(само еднаш ми ја откраднаа лешинарите)

Угорнината остана зад нив. Патот престана да се накачува. Налегна кон долината и засече по питомата страна. Долу, под нив, остана котлината со притулено лето под крошните на дрвјата. Спротивната планина навлезе во котлината со долгоногата коњица на облаците. Долу битка се води, помисли старецот, облакот и прашината се заграбаа, но прашината ќе попушти, ќе се раскваси и ќе се претвори во кал, а облакот ќе гази, гази над неа.

(Извадок од „Судови", издание на „Македонска книга", Скопје, 1989 г.)

80 години од раѓањето на ТОДОР ЧАЛОВСКИ

МАКЕДОНИЈА

Доволно ѕвездена за да веруваш во себе
Жар-птицо родена од најдолгата ноќ
Еден ангел уште по твоите ѕидишта гребе
и барајќи мелем во отровот на змиска корија
ја буди во својата дамнешна моќ
– Македонија

Двојник си во понорот каде без лелек се губат
Сите неверства на мојот стих Шумо
Зад твоето подножје далечни гласници трубат
По оние што слепи а будни ја откриј
Како оставена невеста на друмот
– Македонија

За твоето име се отимаат далечни плими
Проверена висино, цвету што те праќам
Да ноќеваш со ветерот на јужните зими
Додека празнични камбани над мене ми бијат
Гледам како од секаде цела ми се враќа
– Македонија

Те отворам на дланка податлива тајно
Распослана над росата со чудесна лика
Задоволен што не си патување крајно
Туку почеток со оние што ја ослободија
Таа фатална, а вечна Евридика
– Македонија

Доволно ѕвездена за да веруваш во себе
Жар-птицо родена од најдолгата ноќ
Еден ангел со упрек нè враќа кон тебе
И открива мелем во солзите што ги одронија
Будните сонувачи на таа триж ластарна моќ
– Македонија

ТРАГА

Таму на праизворот
кај што сонот за животот
и вистината за смртта
се заглушени од жуборот
на вечната убавина –
таму е новиот чекор
и обновениот почеток
на болот нестивнат
блесокот и силата
на словото што ни пее
од својата иднина
Конечно таму
излетани од дискот сончев
го славиме патувањето
смелото враќање дома
каде најсигурно нè очекува
светиот клуч на претците
што ни ги ближи тајните
во сјајот на потомците
од кого до нас допира
говорот како судбина

СМОКВА

Трепериш од убава помисла
сладок плоду од слична измама
тркалезно го откриваш сонот
изобилно посеан со семе
во кое страста и отровот тлеат
Во своето заклучено време
водата и огнот низ восхит се мерат
а не можат да се доизмерат
зашто мислите им се заврзани
за твојата зелена наметка
До ограда стисната в градина
самотија ми те разјадува
те бодреат нашите копнежи
од потајум што ти ги праќаме
да те будат дур да те разлудат
По стеблото сокот ти болтее
до коренот што го очекуваш
да те спотне и да те распука
како чкунка пред твоите врати
о дрочна пустино, утехо сакана
Како ли ја претопуваш ноќта
во зелен молк цврсто стиснат во нас
задумана прел својата куќа
сета тајна од верби неверби
песна си и жена што нѐ плени

95 години од раѓањето на КАТА МИСИРКОВА-РУМЕНОВА

Госпоѓо Мисиркова-Руменова, како детаљно ќе ја преточите, раскажете Вашата најнова антологиска збирка „Искри на вечноста“, објавена пред неколку месеци, во издание на ТНИД „Ѓурѓа“ од Скопје?

МИСИРКОВА-РУМЕНОВА:

Нашите македонски стожери, а во книгата именувани како „Искри на вечноста“, за мене претставуваат изворишта на нашата земја. Творецот, прво што треба да научи, е да осознае од каков корен потекнува. А, за да дојде до таков податок, ќе треба убаво да ги прелиста енциклопедиите, да научи со што се гордее секое живо битие, па потоа, за своите вечни корења и гранки, да се потруди да ги обелодени без додавки, не само пред својот народ туку и на светот. Немам почит кон тие личности, кои ни ги присвојуваат нашите стожери, затоа што знаат од каква вредност се, а се прават дека не знаат. Не знам кој испратил информации за оваа збирка преку интернет: Неуморната писателка Ката Мисиркова-Руменова повторно е актуелна со ново дело. Станува збор за антологиската збирка „Искри на вечноста“, која е посветена на темелниците на македонската духовност и историја. Стожери во вистинска смисла на зборот, браќата Солунски, браќата Миладиновци, Гоце Делчев, Кочо Рацин, Малина Поп Иванова, Блаже Конески, се доволна инспирација за нашата благородна писателка да ги овековечи со песна. За актуелната збирка, но и за низа други прашања разговаравме со Ката Мисиркова-Руменова, една од најбогатите и најква итетни авторки во актуелната македонска литература. Некои податоци, меѓутоа ми се јавија од многу страни на светата земја, а јас им одговорив, најдете ја книгата, прочитајте ја и потоа ќе разговараме. Песните не ми се пишувани ниту во еден ден, ниту во една година, туку како растев, како учев, како доаѓав до некои сознанија, дека ние сме имале вистински стожери, особено од просветата, науката, од сознанието дека тие дале не само за нашиот народ, туку оставиле зад себе и опомена дека вредноста е сечија, ако е обележана со вродостоен профил. Браќата Солунски, она што го дале, не го има дадено ниту еден друг со таква великодушност. Ги терале луѓето да зборуваат онака како што зборувала нивната мајка и сите да зборуваат на нејзиниот дијалект. Светот знае дека тие се родени во Солун. Но, дали во Солун има улица со нивно име? Зошто досега не е откриено каде е погребан Димитрија? Зошто ние знаеме да си правиме вили, а не знаеме да им направиме светол престол на моштите на Константин Филозофот.

(Извадок од интервју со Ката Мисиркова-Руменова водено од Ружица Гочевска во „Македонско сонце“, 2005 година)

90 години од раѓањето на ЖИВКО ЧИНГО

Најубавиот ден на Зурло

Беше при крајот на летото, во една приквечерина, црвена како зрелите патлиџани во градините. Потпевнувајќи некоја весела песна, Зурло, свирачот пасквелски, се враќаше во својата куќа.

– Еден ваков ден – мислеше тој – чини колку еден беден живот.

Потоа се загледа во малото парче небо над градините, – единствено бело и исполнето со птици. Тоа беше малата река што минуваше низ долината, испресечена со безброј бразди, што градинарите ги направиле за своите бавчи. А во приквечерните часови од реката доаѓаше некаква чудна блага свежина и птиците долго кружеа над градините.

– Ќе станам птица, – пееше тој и го дупкаше магарето под опашката за да побрза. – Ќе станам птица, – пееше тој, – тоа ќе биде во пролет.

Вечерта тукушто се спушташе. Тој тоа го знаеше, иако небото сѐ уште беше бело. Знаеше по мирисот на градините, по дувањето на ветрот и најпосле по птиците и она мало далечно пламенче на небото што полека со приквечерината се шириш во оган.

– Ќе станам птица, – сеедно потпевнуваше, – а потоа како да се присети на нешто заборавено, ги дигна своите долги нозе што ја допираа земјата и божем прекорно подвикна по магарето. Рече:

– Побрзај стопанкино магаре. Греота е од бога да ме чека жената. Ej, цел ден без маж, кутра жена...Побрзај магарче...

Зурлоица беше на прозорец и исто така со песна го пречекуваше својот маж.

– Доаѓа мојот мил сокол – пееше таа некаква старинска јужна песна, – доаѓа да ме понесе на своите силни крила.

– Доаѓа тој како врапче, – рече Зурло, сè така дупкајќи го магарето под опаш. Доаѓа како искубано врапче.

Зурловите деца, кога го чуја гласот на таткото, во весела плискотница истрчаа по него. Почнаа да му се обесуваат по вратот и да му шепнат нешто кришно на уво. Тоа траеше подолго и тој одвај се иставаше од нивните раце. Најпосле сосем изморен се опре на рамото од својата жена за да го добие заслугениот вечерен бакнеж. Жената по обичај го бакна во челото, потоа во очите. Најпрво го љубеше неговото лево, а потоа десното око. Го бацуваше виделото.

Над градините веќе се растопуваше златото, денот и се чинеше дека илјада сонца се кријат низ зрелите круни на дрвјата. Приквечерното сонце долго се нишкаше над езерските води. Се чинеше дека тие го приспиваат. Некој топол ветар го враќаше кон градините, го мамеше за да не зајде.

– Еден ваков ден, – повтори Зурло, – еден ваков ден чини колку целиот живот.

– Еден ваков ден никогаш не зајдува, – рече жената, а потоа, сосема тивко запеа: – Бакни го виделото еднаш и уште еднаш, не пуштај го виделото.

– Стопанкини жени, – рече Зурло смешкајќи се – запеа и тој тивко заедно со жената.

Додека сонцето не зајде, – пееше жената откопчувајќи ја Зурловата летна кошула. – И откако сонцето ќе зајде, не пуштај го виделото, склопи ги очите, сонувај видело...

А веќе сонцето беше зајдено и низ градините задува вечерниот ветар. Дуваше од езерото кон долината и носеше сладок мирис на зрело грозје. Тоа велестовските лозја, насадени на самиот брег до езерото, се распукнуваа во приквечерината и испуштаа младо вино на земјата.

– Сигурно ќе измени времето, – рече Зурло и го размеша огништето со една гламна. – Сигурно ќе измени штом прокапуваат лозјата. Наскоро ќе дојдат и дождовите.

– Оваа година ќе биде убава, – рече жената истресувајќи ја пепелта од погачата што се зореше на огништето.

Децата нестрпливо ја очекуваа мајката да им го подели лебот. Тие седеа на сламената рогузина крај огништето и слатко ги шмукаа зрелите патлиџани што им беа во пазувите. Лебот го јадеа мигум и лакомо. Детето што најпрво ќе го изедеше своето парче, сосема тивко мрмореше:

– Јас најмалку добив, – мрмореше детето, – јас сум гладен.

Детето ја раскопчуваше својата кошула и го покажуваше своето голо меше.

– Јас сум гладен, – повторуваше детето

Другите деца се смееја. Бришејќи си ги своите поцрвенети муцки, децата низ полните усти зборуваа:

– Биди питач, батенце.

– Биди питач, – навалуваа децата.

- Можеби ќе добиеш.

– Добро, – рече детето, – ќе бидам питач.

Тој ја протегнуваше својата слабичка рака и со зарипнат глас на питач ќе почнеше да моли:

– Мои добри луѓе, смилувајте се... Стрико Пане, ти што имаш душа како ангел, отвори го својот амбар...

Детето што беше стрико Пане ќе го натопореше своето меше и дувајќи низ носето ќе речеше:

– Ах, добар човеку, сè би ти дал, но сè изедов...

Тој задоволно се удираше по своето меше. Другите деца се превиткуваа од смеа.

– Проклет ти, – ќе речеше питачот и ќе продолжеше да проси со својата подадена рака.

– Вие, стрино Николице, за покој на нашиот добар стрико Никола Савески, одделете корка за сиромасите за бог душа да му прости.

– Никола Савески имаше чиста душа, ѓаволе еден, – ќе речеше со писклив глас една од сестрите.

– Тргај ми се од очиве, ѓавол ѓаволосан, – го туркаа питачот.

Сестрата навистина зборуваше како стрина Николица. Децата весело се смееја покажувајќи ги своите празни раце.

– Вие изедовте сè, – плачливо рече детето.

(Извадок од расказот „Најубавиот ден на Зурло“ од збирката раскази „Пасквелија“ од Живко Чинго)



Беседа

УДК 821.163.3-5

БЕСЕДА НА ОТВОРАЊЕТО НА ДЕНОВИТЕ НА ПОЕЗИЈАТА (19. 05. 2025, СКОПЈЕ)

Наташа Аврамовска

Пред 26 години во Париз е востановен интернационалниот Ден на поезијата – 21 март којшто секоја година се одбележува со поетски читања во светот и во Македонија, а веќе втора година, во тие рамки, од страна на Фондацијата „Ацо Шопов – Поезија“ се организира и како градско фестивалско повеќедневно чествување на поетската реч. Годинава го чествуваме одложено, небаре во согласие со исто така одложениот излив на благодатта и сончевината на пролетта. Денот, Деновите на поезијата, прославувајќи ја, воедно настојуваат да ја реафирмираат акустичката изведба на поетската реч не само како вековно споделувано човечко искуство чијшто запис е несомнено витален дел од нашата, не само духовна, туку и физичка меморија, туку и како моќно средиште од коешто сè уште е можно и преку потребно, во спрега со другите уметности да се изрекува и обликува светот. Всушност самото востановување на Денот/ Деновите на поезијата е Послание. Овие денови се задача, мисија и повик за преоткривање на светот на поезијата во изнаоѓање нови алтернативни начини на нејзина промоција како витален и незаменлив, ненадоместлив простор на човековиот израз и креација.

Прочуената песна „Илјада и седумстото шеесет и второ лето“ што ја слушнавме како увод во денешното чествување, најдобро посочува на кој начин поезијата моќно нè обединува во срце што отчукува со единствен дамар, сеедно дали нејзината изведба ја слушаме збрани или во осама, крај езерото, или некаде во далечниот свет. За оваа песна мојата колешка Валентина Миронска-Христовска ќе напише дека е „вистинска народна химна“ на Македонците. И навистина, таа песна толку природно живее во колективната меморија, што многумина, всушност не без основа, мислат дека е народна, а не авторска песна на Григор Прличев што тој ќе ја напише во 1872 година во чест на првиот, по многу години, словенски архиепископ, Натанаил Кучевишки (од скопското село Кучевиште), по столетното отсуство на словенска служба под охридските црковни кубиња. Во радоста при пресретот на Натанаил Кучешевишки на брегот на Охридското Езеро, како тогашен учител во Охрид, Прличев ќе ја опее и излее сета 110-годишната народна жалост, којашто живее во нашите срца и денес како жив и огнен проглас што пламти со светлината на нашето вековно постоење во речта и словото. Иако напишана за пречекот на „словенскиот владика“, песната првпат е испеана на Прличевата свадба, како што самиот тој наведува во неговата Автобиографија. За неа уште ќе забележи: „таа песна ни помогна во искоренувањето на грцизмот многу повеќе од сите наши прежни подвизи (Прличев, Автобиографија, 1995: 131).

Годинава, кога ја чествуваме 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, во рамките на Деновите на поезијата воедно ги чествуваме и стиховите на македонските поети кои низ вековите го сочувале нашето Слово, го оплодиле во сопствениот поетски вознес и секогаш одново, кога ги читаме, рецитираме или пееме нивните стихови, одново ни го пренесуваат како завет што многукратно се оплодува во нашата активна рецепција низ духот на новите времиња што навеваат.

Заедничкиот подвиг на струшките браќа, Димитар и Константин Миладинови, кои со своите животи ќе го платат печатењето на зборникот на македонската народна поезија, толку моќно одекнува што на непријателите на македонската реч не ќе им достаса нивното погубување. Сохранети се безимени во тајност, да не би да нивниот гроб свети како светилиште за недоброј одочестија и поклонениja. „Сите почти песни се чуени од жени“, ќе напише Константин Миладинов во неговиот „Предговор“ на зборникот, во кој го опишува народниот консензус во однос на женското паметење, орото сред село при изведбата на македонската народна песна, нејзиниот обреден карактер кој во женското паметење го чувал и дочувал културниот идентитет на заедницата низ вековите премрежиња. Во овој предговор, Константин Миладинов ќе го опише и кодот на македонската народна песна, нејзиниот стих, метрика и соодветни теми, а врз основа на тоа знаење, и самиот ќе ги испише своите вдахновени стихови на македонскиот романтизам и преродбата. Јас го нарекувам „син на женското усно предание“, а таква е и судбината на зборникот составен од струшките браќа, женска, од типот „мое име – твое презиме“, зашто ќе бидат принудени да се согласат од зборникот да се извадат нотните записи на третиот брат, музикологот Наум Миладинов, за да се подотвори место меѓу македонските народни песни, многубројни, за оние тројчка дополнително редакциски во Хрватска вброени народни песни од Бугарија, наречени „источни“, наспроти македонските, конечно вброени како „западни“. Но воопшто не мора да знаеме кои се кои. Надмоќната македонска песна во зборникот веднаш се препознава по акустичката блискост со која ни се обраќа македонската реч. Истата она со која Константин Миладинов во Русија – во настојување таму да го реализира проектот на печатењето на „македонските народни песни“ ,како што самиот оттаму пишува во едно

негово писмо од 1860 – ќе ги испее носталгичните стихови на песната „Т'га за југ", со којашто секоја година одново се пали огнот на Струшките вечери на поезијата, а огнометот над Дрим симболично го означува распрснувањето на нејзината светотворна, светлосна крошна над нас.

Го чествуваме годинава и пргавиот и упорит дух на галичанецот Ѓоргија М. Пулевски, во знакот на две значајни годишнини во неговото разнообразно книжевно дело: 150-годишнината од објавата на неговиот тријазичен речник, во којшто македонската лексика се јавува напоредно со албанската и турската, објавен во Белград (1875). Пет години подоцна тој во Софија ќе ја објави и првата македонска граматика Слогница речовска (1880, чијшто полн наслов е Славянско-насельениски-македонска слогница речовска за исправување православски-язическо-писание). Автор е и на првата македонска историографска книга Славјанско-македонска општа историја, но и на една од најубавите родољубиви поеми на преродбата Самовила македонска (1878), како и на поетската книга Македонска песнарка (1879).

Петнаесет години по публикацијата на тријазичникот на Пулевски и десет по публикацијата на неговата граматика на македонскиот јазик, пред 135 години се појавува и првиот европски научен труд посветен на проучувањето на особеностите на македонскиот јазик, докторската дисертација на балтогерманскиот лингвист Леонард Готхилф Мазинг со што особеностите на македонскиот јазик како предмет на научно проследување стекнуваат легитимитет и на највисоко академско рамниште во рамките на европската наука за јазикот.

Во овој книжевно-историски контекст треба секако да биде спомната и 100-годишнината од објавувањето на Абецедарот – буквар на македонски јазик наменет за македонското национално малцинство во Грција, подготвен од специјална комисија на грчката влада, под покровителство на Друштвото на народите во Женева, отпечатен во Атина, којшто за жал никогаш нема да стаса до македонските ученици на коишто им е наменет, а подоцна во текот на Граѓанската војна во Грција, 27 години по неговото запленување, ќе бидат збришани и сите македонски училишта во Егејска Македонија, коишто ги имало околу седумдесет на број според некои извори.

Асномска Македонија, врз стиховите на Рацин како основоположник на современата македонска литература ќе изнедри плејада поети и книжевници од различни поетски генерации што ќе ја прославаат македонската поезија во светот, а воедно во Македонија ќе ја донесат и светската. Без нималку претерување можеме да утврдиме дека токму македонската поетска реч, со посредство на интернационалниот фестивал Струшки вечери на поезијата, во периодот на нашиот социјалистички развиток, е нашиот најзначаен културен амбасадор во светот. Нашата поетска реч е онаа со којашто нововостановената нација станува видлива и препознатлива во светот. Годинава навршуваат и 60 години откако СВП од 1965 година прераснува во интернационален поетски фестивал. Едно мало поетско читање во Струга во 1961-та, по повод 100-годишнината од публикацијата на Зборникот на Миладиновци, небаре со „ефектот на пеперутката" ќе прерасне во грандиозна, светски препознатлива манифестација, којашто мигновено ќе ја постави македонската поетска реч во фокусот на светската поетска и културна сцена. Прв претседател на Одборот на СВП во 1962 г. станува токму поетот Ацо Шопов, патронот и на денешнава манифестација „Денови на поезијата".

Денес ги чествуваме и годишнините од раѓањето на современите македонски поети и поетеси: Славко Јаневски (105), Лилјана Чаловска (105), Гого Ивановски (100), Георги Сталев (95), Абдулазис Ислами (95), Фахри Каја (95), Бистрица Миркуловска (95), Адем Гајтани (90), Гордана Михаиловска-Бошнакоска (85, којашто ќе имаме чест да ја слушнеме како самата ги интерпретира своите стихови во наредните денови, како добитничка на наградата „Ацо Шопов" на ДПМ) и Игор Исаковски (55).

На овие поети светлината на Новиот ден им поставува сосема инакви предизвици одошто на нивните претходници. Тие се огласуваат небаре струни на еолска харфа којашто трепери под прелетот на сенките и сеништата што ги фрла светлината на тој Нов ден. Поетите многу нешта мигновено знаат и предусетуваат и не можејќи да ги премолчат ги извлекуваат од длабините на својата пронижаност со светот на начин на којшто тоа ѝ е возможно само на поетската мрежа за неуловливото. Во контекст на чествувањето на 80-годишнината од кодификацијата на стандардниот македонски јазик, би ја спомнала раната песна на Славко Јаневски, „Азбукарка балада" (1944) којашто го содржи во мало сиот негов натамошен книжевен проект: и поетски и раскажувачки, а којшто е одговор на антиципирањето, препознавањето на замките на „новиот ден" и „новите почетоци". Поезијата на Чаловска, суштествено лирска, густа како смола и воедно транспарентна како килибар, акустички питка како бистра вода, на особено себесвоен начин е лирски ангажирана спроти денот и неговото минато. Поезијата на Бистрица Миркуловска се нурнува во светот на поезијата за деца, Гого Ивановски го открива затскриениот свет на интимната доживелица среде забревтаноста на денот, како впрочем во извесна смисла и Адем Гајтани кој лирски го премерува Јанусовото лице на светот осветлен во сончевината и синевината на Медитеранот. Чаловска, Миркуловска и Гордана Михаилова-Бошнакоска се вбројуваат меѓу поетесите коишто го трасираат патот на женскиот поетски глас на македонската книжевна и културна сцена. Георги Сталев како маестро на македонско версификациско умеење не само што самиот ќе испее многу вдахновени стихови и стихувани драми, туку на македонски јазик ќе приопшти многу значајни дела од светската поетска уметност. Меѓу овие поети Игор Исаковски ја претставува помладата поетска генерација и несомнено олецетворува нескротлив поетски дух за кого што поезијата значеше начин на живот.

Свесна сум дека ниту една песна не може да се долови во сиот нејзин далекусежен загpаб на неуловливото, како што веќе спомнав понапред. Оттаму, да допуштиме натаму да говорат самите стихови. За да ги слушнеме, секако, самите треба да се престориме во чувствителни инструменти кои вибрираат во пресрет...



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПЕСНИ

Стојан Тарапуза

ПЕСНА СЛОБОДНА КАКО СЛОБОДА

Слобода е отворен друм,
врата без брава, слободен ум.
Слободна мисла, желби без број,
живот без стеги, со бајрак свој.

Слобода е
и уште нешто...
Леб јадеме
од нејзиното
тесто!

НОСТАЛГИЧНА ПЕСНА

Ај, каде сте времиња златни,
кога реките не беа матни,
кога кладенците не беа загадени,
кога дворовите не беа заградени,
кога дрвјата не беа исечени,
кога горите не беа проретчени,
кога бунарите не беа пресушени,
кога желбите не беа задушени...

Ај, каде сте, каде
времиња златни!

НАЈСРЕЌЕН Е ТОЈ ШТО ДАВА

Еднаш, така, не знам каде,
џин ме сретна и ми даде
од две тикви – една семка,
од два дрена – една дренка,
од две круши – една крушка,
од две берби – една чушка...

Чушката со сласт ја јадев,
со крушката уста сладев,
дренката со сјај ја завив,
врз семката земја ставив.

Земјата ја стопли, згреа
и ја смекна како смеа!

Еднаш, така, не знам кога,
џин повисок од два стога,
в скут ме седна и ми рече:
Рог на скара не се пече,
глас во шише не се става,
најсреќен е тој што дава!

ШТИТ

Постои еден штит,
постои еден штит
и за гладен и за сит,
и за болен и за драв,
и за младец и за стар,
и за Вардар и за Шар...

Тој штит е од време
– од залебено семе.

Постои еден штит,
Постои еден штит
и за нашиот мит,
и за нашиот бит,
и за нашиот збор,
и за нашиот непокор!

Тој штит е од злато
– од зраци во јато!

Постои еден штит!

ЗАПИС ЗА ЉУБОВТА

Љубовта не е само занес на срцето,
болест на душата и пијанство на крвта,
туку е и нешто од внатре што нè тера
да се креваме, да се движиме
– еден со друг да се зближиме,
во глетките да си влеземе,
со погледи да се веземе.

Нежноста е нејзин знак,
пополетна е и од зрак,
пополетна е и од бран
– срцето е нејзин стан!

Љубов, љубов благородна!
Љубов, љубов плодородна!
од тебе никој не почувствувал замор,
заштитник ти е
БОГОТ АМОР!



Ли Суо, МСУ, Скопје, август 2024.
Фотографија: Сара Цветановска

Поезија

УДК 821.581-1

ПЕСНИ

Лу Суо

улици и врати

меѓу улиците Арслан Хан и Бинхе
порано имало гробишта
сега е претворено во станбена област
таму живеам и јас

летото пред многу години
видов еден Ујгурец
седнат во ладовината на дивата маслинка
една жена згрчена како фетус врз
една гробница голема колку заспано детенце

денес седам речиси на истото место
во пагодата долу се греам на сонцето
лице в лице со истото парче небо
и со различни врати –
едната води кон некоја зграда, со некој број и некоја соба
другата води отаде смртта

пламен

четири кутриња се излежуваат под сенката на дрвото
татко ми ги присвоил
ги храни со коски
кога излегува
четирите во исто време го заследуваат
уредно наредени
мили и по малку смешни
минатиот петок татко ми падна со моторот
уште куца на левата нога
на ручек почнува да пие
многу брзо лицето му се вцрвува како вжарен челик
по ракијата зборовите му забавуваат
ги отвора и ги затвора дебелите усни
почнува да ни попува и ние мора да го слушаме
тој методично
и старее и своеглавее
ептен личи на Дон Корлеоне од филмот Кум
иако татко ми никогаш не чул за Марлон Брандо
последните години живееше во гратчиња на западната граница
со Пакистан и Казахстан
понекогаш чувствувам како да се оддалечува од мене
и кога сум во неволја го лажам
му велам дека сум супер и дека сè ми е под конец
си мислам, дури и пред татко ми
не можам да покажам слабост
кога веќе ми дал да полетам
не би сакал да ме прибере назад

но кој го терал да ми го даде ова тројство
избувливост
страст за ризик
и молк
2016

другарка ми вели на духот не му треба тело

одвреме-навреме ѝ се јавувал
да ја праша дали се чува
од сите што ги сретнала на наместени средби
тој бил најсмирен
работел во фабрика за челични цевки
не бил многу зборлив ама се гледало дека е искрен
некогаш јаделе јагнешко
другарка ми рекла дека е добро
наскоро потоа пак ја викнал да одат на јагнешко
во студот собрал храброст
ја прашал дали ѝ студи на рацете
потоа полека ја повлекол кон себе
таа видела дека му фалат три прста
три или два
вели не ѝ пречи
другарка ми вели на духот не му треба тело
2018

метод на заспивање на американската морнарица

да се стави свеста под контрола
првин се пренесува во мозокот
таму се ротира со голема брзина
потоа се пушта да се лизне во грлото
таму има човек што вриска
се слизнува кон градниот кош
градниот кош што сака повеќепати длабоко да вдише
се слизнува кон градите
градите што сакаат да бидат пипкани
се слизнува кон рацете
кои во темнината бескрајно се издолжуваат
потем се лизга кон стомакот
кај желудникот што нервозно се грчи
заборавајќи на гладта
се слизнува кон розовиот триаголник
се слизнува кон прекрстените нозе
се слизнува кон згрчените стапала
сè додека свеста
педа по педа
не го изеде ова збеснето тело
2019

WeChat пријатели

често непознати ми испраќаат
барање за пријателство на WeChat
штом им ја видам фотографијата
знам дека продаваат нешто
обично не ги фермам
денес се сретнав со едно
премногу нашминкано лице на старлета
се сепнав
за малку ќе ја одобрев
нејзината покана за пријателство гласеше
„сонот на мајка ти е да ти биде добро“
а мојот статус видлив само за пријателите е
„што е сонот на мајка ми?“

2019

книжевност и љубов

не се знаеме долго
јас, тој
и другар му
шетаме покрај езеро, приквечер
потоа вртиме до една продавничка
купуваме три лименки пиво
седнати на автобуската
карши продавничката
пиеме и разговараме
тие двајцата се млади уметници
сè уште имаат
убава
претстава
за светот
јас велам дека студирам книжевност
на универзитетот
недалеку од неговиот град
„книжевност!“
потоа ми кажа дека кога сум го кажала тој збор
му заискрило во срцето
и ме засакал
ми го опиша чувството
„како клинец
од прва закован во даска“

2018

ВОЛШЕБНИОТ КАШГАР

девет часот и четириесет и три минути е
сè уште не е стемнето
на крајот на пустината
се лелеат цветовите на свилените мимози
под јаркото сонце
чекаат да пристигне љубовта

гледам во правец спроти залезот
трчам
што поскоро да стапнам на територијата на ноќта
слушам како целиот град
се пресоздава, се множи

во Кашгар
сè е суво
дури и очите и усните на љубовникот

2008

статуи

од оваа страна на мостот седи византискиот император
Јустинијан Први
на онаа страна стои основачот на словенската писменост
Кирил
Александар Велики
и неговиот татко Филип Втори
се преку мостот, еден наспроти друг
македонската преведувачка Сара вели
не ѝ се допаѓаат баш овие статуи
овие великани –
претставници на Македонија
сите се мажи
го поминуваме мостот
ѝ покажувам една огромна статуа
велам еве неколку жени
Сара вели погледни подобро
сите овие жени се една иста
сите се мајката на Александар:
бремената мајка
мајката со дете во прегратка
мајката со дете припиено на нејзината града
мајката со момче во прегратка

2024

Препев од кинески на македонски јазик: Сара Цветановска

Есеј

УДК 821.163.3-4

МИНИ ЕСЕЈ ЗА ПОЕЗИЈАТА НА ЛИ СУО

Катица Ќулавкова

Со само една објавена поетска збирка со наслов *Брод од бисер во среда*, поетесата Ли Суо (1986) се одликува како автентична фигура на современата кинеска поезија. Нејзината поетика е препознатлива по следните карактеристики: оддалечување од каноното на „мисти“ или „магличавата поетика“ на Беи Дао (р. 1949) и Дуо Дуо (р. 1951), како и од интелектуалниот есеистички канон, предводен од реномираниот поет Шји Чуан (р. 1963); промовирање на т.н. „народска поетика“ што го избегнува есеистичкиот формат во поезијата нудејќи стил на мали живи лични и семејни приказни полни емоционална меморија, фрагменти на сеќавање што се шокантно искрени и брутални во искреноста, разголени до коска, кревки, но истовремено и поткрепени со силни финални поенти и пресврти; поетика на сетилноста (сензуална и сензитивна), обележана од визуелни јазични слики, искажани со речиси колоквијален речник со којшто се доловува впечатокот на неотуѓеност од стварноста, блискост до колективниот ментален склоп, а сепак значајни по своите духовни и семантички проблесоци; песните на Лу Суо се колоритни а не експериментални, тие имаат свој специфичен мирис/парфем, тие имаат горчлив па и саркастичен вкус колку и да се кревки и навидум опеваат маргинални теми; песните на Лу Суо се речиси телесни, осмислени целосно во нивната еротизирана сензуалност и трауматична слика на свет; поезијата на Лу Суо е како склад на мали човечки па и женски трауми што оставаат силен впечаток и не го оставаат рамнодушен читателот, напротив, го инволвираат во драмата на песната; поезијата на Лу Суо е, во таа смисла, драматична, сценична, перформативна; перформативноста на песните на Лу Суо е внатрешна и надворешна, се однесува на самата поетска ситуација во песната, но и на аудиториумот што ја гледа, слуша, чита и доживува. Читајќи ги песните на Лу Суо, на сите ни се подотвора некоја скриена рана, телесна и душевна, па затоа песната на Лу Суо некогаш се доживува и како ставање сол на отворена рана. Таа не го штеди читателот од болката, иако го заведува со фрагментарноста и маргиналноста на лирската нарација и евокација. Поетската евокација на Лу Суо е моќна, поради што и реакцијата (возвратот и одговорот) на читателот е исто така вонредно силна. Еве, соочени сме со една поезија што се памти со сето битие, поезија што трогнува и инспирира во исто време. Лу Суо е мајстор човечките слабости и трауми да ги искаже на начин што во нив да препознаеме нешто антрополошки битно, некаква рефлексија на архетипот на љубовта, на семејството, на несовршеноста на човекот и совршеноста на уметноста.

Поезија

УДК 821.581-1

ПЕСНИ

Су Ши′

Бдеење наспроти Нова година

(1062)

Се ближи, годинава е при крај,
Чиниш змија што в дупка сползува,
Со пола снага веќе скриена...
Може ли некој да ја задржи?
Умислиш ли опаш да ѝ врзеш,
Попусто, пак ќе си се измолкне.
Деца се трудат да не заспијат,
Заедно бдееме во џагор;
Петли нека не запеат сега,
И дамари с′ молк почит да пружат.
Седнати сѐ дур′ ламба не стивне,
Гледаме на север Вељa Мечка.
Годинава крајна да не ми е?
– Страв од залудно минато време.
Но да ѝ се посветам на ноќва,
Во која младоста уште трае.

Според песната Следејќи го зеленилото **на Ци Јоу**

(1063)

Развигорот ја тревожи правта по врвиците,
Нова година ги развеселила излетниците;
Се пие бујно крај патје среде безгрижен лезет,
Млада пченица нема страв од колесници брзи.
На граѓани смачено им е од сокаци градски,
Под мугрин лач развревено се креваат од дома;
Песни и дамари тресат гори, дрвја и треви,
Врз кошници се настрвиле чавки, цел птичји сој.
А кој тоа викајќи се испречил среде пат?
– Еден жрец што на цел глас амајлии нуди:
„Од ова свилени кокони ко грнец ќе нараснат,
А овци колку срни бабачки ќе се сторат!“
Од намерници никој не му верува ни збор,
Ама пак купуваат за к′смет в пролет што иде.
Тој, пак, со пари веднаш по крчми да пивне ита,
Каде пијан за чудотворец пред сите се фали.

Откако снежеше во четиринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец следното утро појдов до Јужниот поток каде што си пиев додека не се смрачи

(1063)

Бесценет бива Јужниот поток обвеан со снег,
Та на коњ дојаздив да го видам дур′ не се стопил;
Сам по патека врвам облечен во грмушки,
Та сетне под мугри прелачувам аловиот мост.
Кој жали обездомен народ без место ни за сон?
– Пред очи изгладнети селани кај седат во молк!
Сал′ враните в самрак знаат што ми тежи на срце,
Но и тие за миг се разлетаа среде снежен прскот.

Пролетна квечерина

Миг пролетна квечерина – илјада златници!
Цветје с′блага уханост среде месечевина,
Од чардак вита флејта си лее кревкиот глас,
А ноќта во градината кроце пружа сенка.

Пловејќи од Златната гора до планината Џјао

(1070)

Колку ли сјае на вид манастирец врз Златигора,
Звонски сунеж, биеж од дамар му ечи до Хуај Нан;
Гората Џјао, пак, ја шара чат-пат по некој бамбус,
Монаси два ил′ три збираат огрев, црпат вода.
Морна маглина надвјасала човечки траги,
В пролет што ги клаваат трагачи по свилени буби;
Јас, пак, на Златигора качен сум почив да најдам,
А да не дојдев, срце јанsa ќе ми го јадеше.
Сопатници на полпат ме оставија сосем сам,
Но обезнадежен човек не го плаши ни вител лут;
Бистра зора е без ветрец, а далги пак се вијат,
Од среде поток ечи моја песна во пијан глас;
Штом стар монах по падина го изненади гостин,
Тој со насмев благ си покани земјак на дружба.
Вели дека веќе заборавил лик на роден крај,
Овде каде сал со Маитреја[1] си дели кров;
Го фати ли морлив сон, спие зад хартиен превез,
Гладен, ете му горски зарзават за јастје слатко.
На планински народ глад од дамнина му е друшка,
Без нивје, но пак спокој не им мати алчност дива;
Иако по трет пат не сум бил отпуштен од служба,
Знам дека седум се нешта што не би ги трпел.
На мисла сум да се повлечам јас во покој,
Безгрижно дни да минам в конак со покрив од слама.

1 Бодисатва Маитреја (кин.: 彌勒: Ми́ Лѐ′), според преданието на будизмот е идниот Буда, кој треба да се појави на земјата откако будистичкото учење проповедано од историскиот Гаутама Буда (563 – 483 пр. н. е.) ќе исчезне и светот ќе потоне во грев и беззаконие. (бел. на прев.)

Поезија

УДК 821.163.3-1

ПЕСНИ

Васил Дрвошанов

ИСКРИ 5

Зачуденост

Ти знаеш дека те сакам,
ама се правиш недоветна.

Јас го барам влезот на твоето срце.
Срцето ти го најдов заклучено.

Се прашувам:
Да не би да е сон
или чукам празна слама!?

Сонувач

Што ми е мило и драго
да те галам од глава до петици.
Ти да уживаш,
а јас да те гледам.

Да ти ги гледам румените образи,
кротките очи и благата насмевка
пред заспивање.

Судбина

Секоја жена бара внимание,
само не знам:
Дали во тоа спаѓа љубењето?
Ако е така –
мнозина мажи не се мажи,
па многу жени остануваат нељубени.

(Не)среќа

Ако имаш љубов
а нема со кого да ја споделуваш –
тоа е несреќа.

А ако имаш љубов
и има со кого да ја споделуваш –
тоа е среќа.

Возбуда и радост

Копнежите за љубов
го најдоа патот до нашите срца.
Љубовта нема меѓи.
Сега сонцето нè грее од запад
и ни носи возбуда и радост.

Блаженство

По топлите воздишки
и по нежните допири
следниот ден
си го враќам филмот
и уживам во сјајот од љубовта.



Проза

УДК 821.163.3-4

КЛИМЕНТОВАТА СВЕТЛИНА

Петре Димовски

Прелистувам низ прекриените страници на времето од забревтаниот клокот на иднината преку сегашноста да прескокне во минатото. Наоѓам испишани страници од сон, копнеж и визија. Сега ми го отвора минатото, влезено во сегашноста.

Листовите се тенка, избледена хартија со машинопис на која најгоре со сино мастило, нанесено со пародршка, запишани се моето име и презиме. Низ текстот се повторува презимето Цветановски.

Се пресретнуваме пред западната капија на битолскиот безистен. Јоцо Цветановски патува кон Баирот, кај свој роднина, јас сум во насока кон Маџар Маало. Во пријателство нè спои писателската визија, духовната длабочина кон татковината а, можеби, и писателски ген од времето во принудните преселби, предизвикани од надмоќниот османлиски господар. Движењето при бегството од теророт се случувало низводно, по течението на Црна. Прогонувани, од Демир Хисар низ времето се населиле во мојот крај, на Завојот на Црна, долната страна на големото Црнско Блато, што е во завет со Кајмакчалан од ветрови, но и од лути наезди на злоносни орди. А ми висело прашањето: Од каде ли е посеан мојот писателски ген? Во поширокатa околина од моето опкружување не се појавил некој со писателска дарба. Се прикрило потеклото во тајни што можеби времето наложувало да останат затворени или биле прекриени под наслагите од изминувањата, губејќи ја врската на прекажување од суровите удари на уривачки настани. Мојата линија на потеклото засекогаш ми останала неодгатната, затоа што во моето

време секој околу мене близок или познаник по родот го немаше одговорот од каде дошол тој Јован, ако со доаѓањето не го прикрил и името. Во книгите од автори на локално истражување за потеклото на мојата фамилија стои непознатото од тие длабоки времиња.

Познато е дека се случило вака. Прадедо ми имал женско чедо, а лозјето останало некопано. Во селото се пресретнал со новодојден млад човек што во немир барал нешто да сработи. Лозјето на прадедо ми го скопал побрзо од предвидувањата, што стекнал доверба да биде земен за момок во неговата куќа. Искажувајќи се како многу работлив, набргу потоа Јован бил прифатен и за домазет. А од каде дошол, низ моето време остана тајната затворена, затоа што тие што знаеле, предвремено војната ги одзела.

Договор со Јоцо, гимназискиот поет Јордан Цветановски, ни беше да отпатуваме во Охрид на патронат на литературно читање. Го прифативме предлогот на Литературниот клуб да го претставуваме на таа средба. Од поетесите ни се придружија Ана и Дени, а таму, во Охрид, нè очекуваа колегите Тоде Илиевски и Смиле Наумовски кои на средби во Битола често ни биле гости.

Денот е декемвриски, студен, но сончев. Возач сум на „фиќото" што нè носи по кривулестото џаде. Погледот на Јоцо му пребегнува таму, преку височините, каде во насет или низ трептежот на светлината ја открива охридската котлина со езерото. И се спојува со духот на безвременските величини што ја рефлектираат светлината незгасливо да одблеснува низ славните времиња на родот.

„Сон е или јаве да се пресретнеш со визијата на Климент Охридски, со божјото писмо да го осветли родот што од една лоза разгранил низ времињата и просторите, и да те обземе надојден копнеж преку универзитет да го продолжиш делото што универзитетот Климентов го создавал!"

„Споменот обзема и исполнува со творечка енергија и таа ќе бара да се изрази низ времето", му велам, и озарен сум и јас од силната светлина што надоаѓа од длабочината кон височините.

Поетесите од задното седиште потпевнуваат тивка љубовна песна.

Јоцо рецитира стихови од „Сердарот" на Прличев.

„Во раното средно напишав поема", му кажувам кога стивна ехото од последниот стих. „Беше во тетратка по лектира. Тетратката му ја позајмив на еден соученик и никогаш повеќе не се врати кај мене. Ја изгубил, така и јас ја изгубив мојата поема."

„Ќе напишеш друга", утешително ме охрабрува Јоцо.
„Ќе напишам", реков, неубеден во ветувањето, зашто во новото време низ мојата имагинација почна инспиративно да натиска прозното изразување.
Наслегнуваме од планината и нè пресретнува светлосниот блесок со езерска синевина.

И духот на Климент и Григор Прличев нè исполнува со чувство на творечка моќ што ја искажуваме гласно низ надојдени стихови од песна што спонтано се создава во нашата мисла.

Потоа му велам на Јоцо:

„Многу песни незапишани се изгубиле!"

Поетесите ја потпевнуваат песната за даровното платно на Билјана што нè презема да ја надополниме со наш баритон.

И сме стигнати кај водите што прелеваат од Билјанините извори.

Потоа настигнуваме кај гимназијата „Климент Охридски".

„Не е ли тој таму Тоде?" А здогледувам во далечината познат лик.

„Да, да! Во гужвата од дворот го гледам и Смиле!"
Колата го смирува тресењето, а тука до нас се веќе двајцата млади поети.

„Стигнавте!"

„Стигнавме!" срдечен поздрав во прегратка.
Пред влезот на Гимназијата е испишано: „Климентова вечер на поезијата".

Гости има од повеќе градови на Македонија. Се запознаваме со Ефтим Клетников од Источниот дел. Охрид ја има традицијата на пречек.

Започнува настапот на младите поети и презема волшебниот дух на поезијата. Нè осветлува духовната инспиративна сила од името и блискоста на Климент. Тука во овие предели чекорел и медитирал, глаголел со Бога и со божјиот збор го дарувал родот свој со писмо и ука да минува преку вековите. Неговиот аманет да се пренесува словото божјо до генерациите нè допира и нас и вдахновено ги интерпретираме стиховите од песните што сме ги создале.

Јоцо е опфатен од волшебна светлина, и преку исполнетата сала на гимназијата гледа далеку низ времето и го предава својот збор со светлината на мислата кон иднината, што широко ја отвора. Духовната сила на Климент е со него.

„Кои се следни содржини?" го прашуваме Тоде по претставувањето на поетскиот настап.

„Сега ќе имаме сместување во хотел за преноќиште. Одиме таму!“

„Одиме!“

А со Јоцо сме кај колата.

Моето расположение се смрачува како и времето.

А времето делува независно од нашите желби. Осми декември е од годинава седумдесетта од векот и почнува да ја најавува својата сила. Снежи. Преку денот времето беше топло и блескотно, а еве сега ја менува својата игра. Ако тука, крај езерото почнува да напластува снег, како ќе биде на планината горе кај Буково! Во времето на доаѓање попатно и не пресретнавме кола, и ќе нема низ снегот трага што ќе го отвора патот.

А ме мачи и поголем проблем. Времето на технологијата е кога во системот за ладење на автомобилот се налева вода и при сомнително време таа се испушта од ладилникот за да не се претвори во мраз што ќе го распука моторот. Кога се јавува потреба за стартување на моторот се налева повторно вода, по можност и загреана за полесно моторот почетно да проработи. Но тука сега не соодветствуваат условите за испуштање и промена на водата во ладилникот, па му го изнесувам проблемот на Јоцо настанат од времето што за возилото постанува невреме.

Снегот си продолжува позгуснато да паѓа.

Погледнуваме кон просторот, кој обелува, и одлучуваме да одбегнеме ризик. Решено е да отпатуваме пред да настане предвидлив проблем.

„Да ги повикам поетесите!“ Го оставам Јоцо да причека кај колата.

Но за поетесите има големо друштво и решението нивно е следниот ден да го разгледаат Охрид под снег.

Ние со Јоцо веднаш тргнуваме на пат за безбедно да можеме да стигнеме кон нашата цел.

А снегот уште позгуснато паѓа.

Сега мене ми треба подареното искуство. Во практиката на возењето сум нов возач. Не во години искуство. Но Миле, кој ме упатувал во тајните на возењето, ми прекажувал од неговото искуство.

Веќе по патот е напластена мала снежна белина. Сепак, е ненасетлив отпор за тркалата и не создава проблем за одржување на брзината на возилото. Ама во мислата ја обработувам скриената тајна на времето што може ненадејно да нè зафати и да нè исфрли од патот. Малата заснеженост наместа прекрива и крие голомразица, создадена од студениот здив на времето пред заснежувањето. Тој стаклен прелев, ако неподготвено се наиде на него, може да биде опасен за нашата безбедност. И внесено го следам брчењето на моторот, однесувањето на тркалата и потреперувањето на воланот. Тука ја ловам неговата заседа. Ако навреме го откријам, ќе ми помогне кажувањето на искусниот возач. Тоа во главата го држам како научена лекција.

„Ако непредвидено налеташ на подмрзната подлога, очекувај дека возилото повеќе не е возило што се тркала, туку санка што неконтролирано се лизга. Воланот го контролира тркалањето, но лизгањето не може. Тогаш возилото е предадено на судбината. А со твоето знаење и вештина можеш да го задржиш да не избега од патот. Посебно е опасно ако тој минува крај отворена провалија.“

„Тогаш треба да се застане, нели?“

„Не може да се застане. Како што воланот ја губи функцијата, така и кочницата ја губи.“ И ми објаснува кои се можностите во таква ситуација.

Темнината на ноќта е згуснато налегната од сите страни. Блескотниот отсјај на снегулките пред фаровите создава светлосна мрежа во која е заробен видикот. Концентрацијата на погледот е напнато одржана за да не се изгуби патот од насоката при влегување и излегување низ кривините.

Со Јоцо разговараме за поезијата.

Стигнати сме пред мостот во накачувањето по планината. Во меморијата ми е планинската река, која наслегнува од височините и мостот со подлога од камена коцка, поставен под прав агол со патот за да нè пренесе на другата страна од реката, крај која патот продолжува да искачува по планината.

Одеднаш почувствував дека автомобилот лета. Неговото движење, кое излезе од контролата на воланот, со тоа и од мојата контрола, така се изрази во мене. Тоа е миг кога мислата оди понапред од времето. И ја отвора опасноста како автомобилот, преземен од мазнината на мразот прикриен под наслагата од снег продолжува по свој, од мене неконтролиран пат и го одбегнува мостот, наоѓајќи полесен лет преку брегот во реката. Тоа е мигновена мисла што мобилизира за да го прифати предупредувањето, да го спречи тој лет, сè уште останат само во мислата, да го надвлада неконтролираното движење на колата и воланот да го преземе движењето кон посакуваната насока.

По притискање на куплунгот со отсечно туражирање му ја одземам силата на моторот. Не нагазувам на ножната кочница, зашто тоа ќе ја зголеми функцијата на санката. Така повеќе возилото не може да

се задржи на патот, туку тоа по свој избор ќе одлета таму каде што не треба да биде. А додека му ја одземам силата на моторот силно затегнувам на рачната кочница, блокирајќи ги таа задните тркала, со што им ја одзема можноста на предните тркала да го водат возилото без контрола на воланот. Сега воланот во мојата лева рака станува повторно функционален и со меко натискање на педалата за гас возилото го продолжува движењето преку мостот, свртува под прав агол да го задржи правиот пат и го продолжува накачувањето по планината.

И, мислата се извлекува од мразовната река.

Како возач сега сум со едно ново искуство.

И возилото накачува кон височината.

Во тишината на ноќта, додека низ светлината на фаровите витлее играта на снегулките надоаѓа низ мене инспиративниот дух на поезијата од Јоцо и го создавам првото мое критичко согледување. И прво за неговата гимназиска поезија. Низ стиховите од неговите песни откривам: Јоцо Цветановски цврсто се држи за сознанието дека успехот е поголем кога се има концизност на зборот, а ѝ се дава широчина на мислата. Оваа констатација се потврдува скоро во сите негови песни. И во овие, со кои вечерва ни се претстави, и во тие кои сум ги прочитал за дополнување на еден поцелосен надглед на неговото творештво. Цветановски угорничи по поетичниот пат. Во некои песни го среќавав некаде сè уште во подножјето на остварувањата и расчекорот на неговите желби, настојувања и барања беше голем. Во песниве со кои ни се претстави го имаме како позрел, со повеќе поетичност, некаде се наоѓа на средината од таа поетична угорнина што се испречила пред него и која тој неуморно, мислам, настојува да ја изодува. И сè така загледан некаде кон врвовите. Тоа го назирам и во некои поуспешни дострели во одбирање на поетичноста на зборовите. Верувам дека за скоро ќе има песни прифатливи за високиот критериум и го откривам патот кој го оделе поетите од најпочетните поетски обиди во историјата на литературата до најврвните остварувања на денешниов наш свет.

Неговите стихови се интонирани со нотки на внатрешен немир, на еден разгор од љубовта која изненадно, миговно ги разбранува неговите чувства при средбата со М, во песната „На М". Таа внесува еден кошмар, еден немир во него, и поетот главниот акцент го фрла на таа негова средба со девојката, која средба е и фундамент во песната врз кој се излеваат чувствата. Таа средба на поетот со девојката М сè ќе разбранува во него, сè ќе испреврти, сè ќе стане некако поинакво, пламнато во една љубов, ќе го измени неговиот внатрешен свет од што и сликата на светот околу него се изменува.

А впрочем зошто поетовите чувства се така силно разбранувани и им е даден таков тек? Таа, девојката М која поетот ја сретнал и во која така силно се вљубил, а која љубов сè уште жарнее неискажана, таа девојка нему му е најблиската далечина, таа е толку блиску, егзистира во длабочината на неговите чувства, опфатена е во неговото срце, но сепак останува далечна, зашто поетот не ѝ ја искажал својата љубов и таа можеби не е свесна дека некој така силно се вљубил во неа. И таа е така блиска до поетот, а сепак е еден недофат.

Во втората песна поетот е резигниран, го влече помирливо судбината и тој ќе ги побараше огновите повторно да пламнат во него, да зажари затемнетото огниште, но од таа негова намера го враќа сознанието дека тука, пред неговите очи е присутна белината и тој се помирува со судбината. Песната е „Без наслов" и можеби неуспехот во љубовта од првата песна, и на „На М", го натерала поетот да ја испее оваа втората и, дека љубовта е грабната од него, само таа дошла како присуство, болно да поигра со неговите чувства.

Третата песна, „Јас и Ти", мислам е највредната од досегашното негово поетско творештво. Искажана е со малку зборови, многу чувства, присутна е една успешна своевидна градација на чувствата.

Во прочитаните песни може да се наслути мало влијание во тоналитетот на неговото пеење што не е негативно. Влијанието е повеќе од македонската национална поезија.

Поетот Цветановски е на пат кон една индивидуализација. Во некои песни што ги разгледав, а кои не ги слушнавме вечерва го наоѓав како експериментатор. Но во најновите песни, особено во овие со кои ни се претстави вечерва може да се наслути, ако не и наполно да се одреди неговиот стил.

Низ таа моја визија, пренесена на пожолтениот лист хартија, Климентовата светлина ја отвора поетовата стварност. Таа преобразба на гимназискиот поет Јордан Цветановски настанува во реално случување, каде, влезен во длабочините на опстојот од својот род, според семејното стебло на фамилијата од Слоештица, Демирхисарско, ќе го промени своето презиме во Плевнеш и, озарен од светлината што озрачи од духот на Климент Охридски, ќе оствари светска книжевна кариера, драмски изведуван на многу меридијани и објавуван на повеќе светски јазици. И, следствено на тоа, станува носител на наградата за животно дело од Француската академија во Париз.

Овде е претставен нашиот заеднички сон со Плевнеш за тоа дека и македонската литература е дел од светското книжевно наследство.



УДК 821.163.3.09Рацин, К.(049.3)

КОЧО РАЦИН КАКО ПРИСУТНА ИЛИ „ЗАНЕМАРЕНА“ ТЕМА ВО СТРАНСКАТА КРИТИКА НИЗ ПРИЗМАТА НА ИЗДАНИЕТО НА Г. КАЛОЃЕРА: „ПОГЛЕД ОТСТРАНА“ – РАЦИН (1908 – 1943)

Маја Јакимовска-Тошиќ

Проследувајќи го изданието објавено на македонски јазик на Г. Калоѓера: „Поглед отстрана“ – Рацин (1908 – 1943) на книгоиздателството „Македоника литера“ од Скопје и Филозофскиот факултет во Риека (2023), се наметнува едно мошне значајно прашање: колку и на кој начин творештвото на Кочо Рацин денеска сè уште ги бранува критичките осврти во странските научни и литературни кругови во нашата современост, колку тој е трајно присутна или, пак, на некој начин „занемарена“ тема согласно новите културни интереси и проекциите што ги наметнува новото, глобално време, како што тоа го поставува за разгледување во својата книга Г. Калоѓера. Според мене, оваа книга ја докажува првата теза!! Изданието е преведено од хрватски јазик и збогатено со предговор со соодветно избран наслов: „Ново поглавје во Рационологијата“, приредено од Славчо Ковилоски. Токму Рационологијата во странските научни и културни средини овојпат е предизвик да се навратиме кон значењето на творештвото на Рацин, низ призмата на неговата присутност најнапред во хрватската научна и културна јавност, но и во другите културни средини. Да потсетиме дека во третиот, во четвртиот и во петтиот том од шесттомното издание за творештвото на К. Рацин на „Наша книга“ (Скопје), 1987, се содржат спомените и освртите за него на неговите современици како револуционер и писател. Понатаму, научни и критички осврти за Рацин се застапени во „Прилози за делото и животот на Рацин“ на најпознатите југословенски и македонски автори, етаблиран како едно од најзначајните македонски книжевни имиња во историите и антологиите на литературите на народите на СФРЈ, како и прилозите во петтиот том „Македонската книжевна наука за Рацин“, што опфаќа избрани дела на најпознатите македонски рацинолози.

Токму изданието „Поглед отстрана“ зборува за Рацин како присутна тема во другите литератури, каде што Калоѓера подвлекува дека особено во 80-тите и во 90-тите години на 20 век Рацин живеел во културните претстави на Хрватите преку бројните огледи за него во книжевната наука, но и поради неговото конзистентно присуство во образовните програми во Р Хрватска. Самата книга концепирана низ поглавјата: „За Рацин“, „Рацин, Хрватска и Хрватите“, „Коста Апостолов Солев“, „Анализи“, „Публицистика“, „Проза“, „Поезија (Песни на српскохрватски)“, „Бели мугри“, „За песните на Рацин надвор од збирката и поетските циклуси“, „Зборник на народни песни“, ја докажуваат трајната посветеност и навраќањата на Калоѓера кон Рацин како омилена тема, прецизно скенирајќи ги сите аспекти од творештвото и особено рецепцијата на Рацин во хрватската средина. Калоѓера во изданието изнесува нови податоци за релацијата на Рацин со Хрватска и врските со хрватските интелектуалци и со антифашистичкото движење, надополнети со прилози и документи за судскиот процес против него, кој започнува со апсењето во Вухред, Словенија, 1928, а завршува со ослободувањето во Сплит, 1929. За неговата рана популаризација во хрватската средина особено залужни се: Јуре Каштелан, Драго Иванишевиќ, Даница Цази, Драгутин Шпулер, Ивица Судник, Борис Павловски, Петар Кепески, Златко Крамариќ, и повторно Калоѓера со уште едно посебно издание: „Racin u Hrvatskoj/ Рацин во Хрватска“ (2000). Хрватските интелектуалци го спомнуваат со почит и уважување уште од актуелното време на неговото дејствување, бидејќи историски се неговите прошетки со Иванишевиќ и Каштелан, преписките со Стеван Галогажа, врската со Иво Козарчанин како прв негов критичар во списанието „Сувременик“, водејќи се првенствено од естетските критериуми на збирката „Бели мугри“ итн. Во Хрватска се објавени нејголемиот број негови книжевни дела уште од 1928 г. , во списанијата: „Култура“, „Литература“, „Књижевник“, „Наш вијесник“, „Радник“, „Глас омладине“, како и самата стихозбирка „Бели мугри“ во печатницата на Драгутин Шпулер (Самобор, 1939). Г. Калоѓера во овој контекст ни дава еден значаен податок за учеството на хрватски научници на симпозиумот на Рациновите средби во Велес: Жељко Иванковиќ, Златко Крамариќ, Зденко Шкреб, Крунослав Прањиќ, Владо Готовац, Бранимир Донат, Анте Стамаќ, Ивица Судник, Мирослав Маѓер, Љерка Цар Матутиновиќ, Ивица Баковиќ, Борјана Прошев – Оливер и др. Книгата на Г. Калоѓера е драгоцен сеопфатен прилог за рецепцијата на Кочо Рацин во хрватската средина, уште од перидот на неговото дејствување на хрватско тло, до интересот на хрватската наука и критичка мисла за негово проучување и етаблирање во значајни хрватски изданија, па сé до неговото проследување за застапеноста на неговото творештво во образовниот систем во Р Хрватска. И покрај верзираната упатеност во севкупната теоретско-критична литература посветена на Рацин, Г. Калоѓера не би бил Калоѓера ако во изданието не следи еден поинаков принцип: имено тој вели дека пристапил со свој сопствен поглед „отстрана“, за да го избегне вкопувањето во туѓи размисли и ставови, судови и анализи, со намера да остане објективен, потпирајќи се на свој сопствен пристап, и на најдобар начин илустрирајќи ја рецепцијата на творештвото на К. Рацин во хрватската научна и културна средина.


И тука го поставуваме прашањето за рецепцијата во другите културни средини или дали К. Рацин е присутна или „знаемарена" тема во нашето современие?!

За илустрација го зедовме Зборникот (2009) од 35. Научна конференција (25.-26.8. 2008) на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид на тема „Кочо Рацин како поет и публицист" во кој најмногу внимание привлекоа текстовите во кои се елаборира неговата рецепција во: чешката, словачката, српската, словенечката, руската и во полската литература и култура. Во Зборникот со свои осврти, застапени се значајни имиња на ст(ранската македонистика: како, на пример, Иван Доровски, кој зборува за првите приопштувања и осврти за Рацин во чешката културна средина, не случајно преку препевот на „Бели мугри" што самиот тој го врши), понатаму овде е прилогот на Ружица Јанчулева која зборува за препевите на Рацин на руски јазик (Н. Глазгов, М. Зенчевич, В. Корчагин, Н. Ванханен, В. Сухонов), па сè до најновите осврти за него од страна на Ала Шешкен, со што го следиме континуираниот интерес за него во руската книжевна средина. А. Г. Шешкен е автор на фундаменталните поглавја од историјата на македонската литература во академската „Историја на литературата на јужните и западните Словени" (т. 3, РАН, 2001), автор на поглавјето за современата македонска литература во „Историјата на литературите на Источна Европа по Втората светска војна" (РАН, 2001). Нејзината монографија „Студии за македонската литература" што го опфаќа развојот на маке-донската литература во XX век и прашањата за проникнувањата помеѓу руската и македонската литература е објавена во Македонија во 2005 година. Освен тоа, А. Г. Шешкен е автор и на статии по македонска литература во најновата "Большая Русская Энциклопедия" што започна да излегува во 2004 година.

Во Зборникот исто така се застапени повеќе припадници од условно земено помладата генерација што говорат за преводите на Рацин во одредени културни средини. Во оваа истражувачка насока ги споменуваме текстовите на Лилиана Мјодонска која говори за препевот на „Бели мугри" на полски јазик од страна на Божена Клог-Гоголевска (Лоџ 1989), преку споредби со други револуционарни и социјални мотиви во полската поезија, со поезијата на Вл. Брониевски; на Намита Субиото во текстот за пословенчувањето на „Бели мугри" преку првиот препев на словенечкиот поет Миле Клопчич во ексклузивното издание на Фран Петре (1948) во 2 500 примероци, потоа препевите на Иван Минати, а оценки за овие преводи во однос на соодветноста дава Томе Претнар, ориентирајќи се на звучната слика на песните; прилогот на Милош Ѓорѓевиќ: „Аксиоми на поетиката и реториката на Кочо Рацин", каде се нагласува и доминантната рецепција на оваа поезија во српската средина, користејќи капитални огледи за овие прашања во македонската (Г. Тодоровски, Г. Старделов, Н. Радичевски, Д. Митрев, Б. Конески), но и особено во српската критичка мисла на зададената тема (Р. Ивановиќ, автор на монографија „Поетика Косте Рацина", Нови Сад 1979, С. Ж. Марковиќ, Милорад Јевриќ, Мирослав Миловановиќ, Књижевно дело Косте Рацина 1979. Прилогот на З. Таневски, „Рецепцијата на 'Бели мугри' во словачката културна и книжевна средина", донесува податоци за нескриен интерес за поетот од 1953 година, пројавен во словачките кругови во Војводина (Андреј Чипкар, списание „Нов живот" Нови Сад), па сè до 1990 (Јан Јанкович, поговор Поет-легенда). Иван Доровски (1991) ќе даде свој осврт во чешката периодика Еднаквост и Слободна реч за преводот и местото на Рацин во чешката и во словачката книжевна средина, при што подвлечени се и преводите на дел од опусот на Рацин на Феро Липка (1990), како и брошурното издание од 2008 г. „Бели мугри" на Словачката академија на науките за потребите на Славистичкиот конгрес во Охрид, по повод 100-годишнина од раѓањето на Рацин. Прилогот, притоа го збогатува со библиографија посветена на преводи и критички осврти за Рацин во словачката средина од 1953 до 1991, како и публикувни изданија од Кочо Рацин на словачки јазик на книги и брошури (1978 – 2008), за на крајот да се поместени и преводите и критичките осврти за Рацин во чешкиот печат на самиот автор И. Доровски (1990 – 1991).

Изданието „Кочо Рацин – Бели мугри на словенски јазици" (Силсонс) по повод 100 години од раѓањето на Кочо Рацин, 2008, се надоврзува на нашата тема и ги поместува препевите на руски на Виктор Корчагин, на украински на Вера Чорниј Мешкова, на белоруски на Иван А. Чарота, на чешки на И. Доровски, на словачки на Вера Јанева Стојановиќ, Донка Роус, Станислава Шурлежановска, на бугарски на Петар Караангов, на српски на Ристо Василевски, на хрватски на Звонимир Голоб, на словенечки на Иван Минати.

Сите овие податоци говорат во прилог на фактот дека интересот за препевите на поезијата и вреднувањето на творештвото на Коста Рацин не стивнуваат, иако монографските и критичките изданија својот врв го достигаат помеѓу 1960 – 1990 година. Би додале дека посебни изданија посветени на Рацин како книгата на Г. Калоѓера сведочат и денес за тој нескриен интерес кон него и неговото творештво во другите културни средини. И да завршиме со поентирања од книгата на Г. Калоѓера, кој со својот „поглед отстрана" настојува да биде објективен, напати со силна експресија и набој во портретирање на Рацин како една од најзначајните појави во македонската литература и како своја лична опсесија на која постојано се навраќа, а напати директен во своите согледби, анализи и сфаќања протолкувани со доза на релативизирање од гледна точка на „критичкиот светоглед" на Калоѓера, кој на моменти го чувствува Рацина како сопствен spiritus movents, за во друга прилика да изрече дека во книжевната критика има пренагласувања и претерувања во истакнување на естетските и уметничките вредности во творештвото на Рацин, кои напати звучат романтичарски, особено од страна на македонската книжевна критика. Но, не можејќи да се ослободи од својата емотивност, ќе го сублимира својот интимен однос кон Рацина во исказот: „Со неговата смрт исчезнува еден несогорлив ум, една позитивна човечка личност, еден исклучително квалитетен писател и настанува празнина каква што никогаш не била и нема да се пополни. Го снема поетот, но останаа неговите дела, кои го портретираат као Човек – визија!".



Проза

УДК 821.163.3-32

БОНА

Лилјана Пандева

Колоната бегалци многу тешко ја искачуваше планината. Или се пробиваше низ неа. Немаше патека. Иако по втор пат ја преминуваат, немаше патека. Беше зарасната. Ѝ веруваа на водачката. Жена беше. Всушност, колоната беше составена само од жени и од деца. Мажите им останаа по селата да ги чуваат имотите, синовите им се во војна, Господ знае во која и дали се уште живи. Жените нарамени со по некоја бовчичка, зад себе влечеа која коза која магаре, речиси сите со по едно дете в раце или во престилката. Најстарата од нив одеше напред и со срп го расчистуваше теренот пред неа. И таа во цедилката на грб носеше дете. Детуле. Нејзиното беше најмало. Само девет дена старо. Тоа најмладо таа најстара ја предводеа премалената колона од умор и од глад. Сите беа гладни. Децата бараа леб. А планината иако густа саде буки и јавори. Во моментот старата Јана го бараше кладенецот. Колку за вода да се напијат уште повеќе да ѝ биде знак дека се на вистинскиот правец. Но детулето на нејзиниот грб плачеше ли плачеше. Другите жени се чудеа од каде му сила кога е најгладно од сите. Сираче. Јана му е баба а не мајка. Мајка му три дена по неговото раѓање испушти душа. Додека беа во селото Јана ја хранеше со оризово млеко. Уште толку имаше, еден грст ориз од кој зрно по зрно го вареше за да има со што да ја прехрани Бона. Две жени, едната што секој ден ја очекуваше својата умирачка, другата штотуку родена ја водеа храбрата колона. Едната стенкаше, душата ја болеше, болката ѝ тежеше колку оваа планина, а другата плачеше за мајчино млеко. На сета мака, Јана се нафати да ги води жените и децата. Во неизвесност. Стравуваа од тоа што ги чека од другата страна на планината, но немаа каде. Ако останеа до пепел ќе ги сотреа.

Јана погледна угоре. Ни небото не се гледаше од густите гранки. Кладенецот го немаше. Таа немаше повеќе сила. Мораше да седне. По неа, како да даде наредба, сите испоседнаа. Некои дечиња во истиот миг и заспаа. Дури ни плачот на Бона не им пречеше. А Бона – еден глас што излегува не од детско грленце туку од човечка утроба. Веќе беше човек што се бори за живот.

Јана ја прегрна во пазувите. Знаеше дека под жешкото сонце на девојченцето не му треба дополнителна врелина, но верувaше дека една топла прегратка може да ја смири. Гласот на Бона не запираше, но стивнуваше. Жените ги извадија марамите од своите глави, ги одрамија бовчичките и со надеж гледаа во Јана. А Јана по неколку жуборкања на устата ја плукна својата штотуку собрана плунка во устичето на Бона. За миг Бона се смири, но тоа како да ја подлажа и бараше уште. Пак плачеше силно. А грлото на Јана испустен извор. Не требаше, но почна да плаче. Не на глас. Немаше глас, само солзи, крупни. И нив ги насочи во устичето на Бона. Иако солени, дури и посолени од сите нејзини солзи во животот, оти најверојатно во исушеното тело само уште сол ѝ останало, Бона слатко мљацкаше со устичето. Се смири. А Јана ја навјаса дремка од којашто ја разбудија женски викотници, детски плачови и сенка над неа. Човечка. Пред неа стоеше војник со пушка в рака. Зад него уште многу такви. Стопени со горската шума. Зелени и букови. Им рекоа на жените дека ќе ги вратат назад зашто немало кој да ја жнее пченицата. А ти, ѝ се обраќа војникот над Јана на Јана, ти си била најбрза во српот, најстара и те слушале. Во гласот негов како да имаше нечуен призвук на почит. Но тоа не ја залажа Јана. Таа уште посилно ја стегна Бона. Бебето пак пушти глас.

– Не можам. Бебево...

– Што бебето, мори жено?! – призвукот на почит стана дерење.

– Бебето цица! – силно и одлучно му одговори Јана. – Јас сум леунка.

Сè замре. Само Бона се препелкаше во својата кожа. Жените ја гледаа старата Јана занемено и вџашено.

– Еве, видете!

Јана си ги отпетла оние што требаше да личат на петлици и од зад ветвата волнена фуста излегоа две скржлавени и издолжени полупразни дисаѓи. Бона во истиот миг, како да цицала откако е родена ѝ ја грабна лакомо едната дојка на својата баба и почна немилосрдно да цица. Устичето правеше немилосрдни напори да извлече нешто од дојката што три деца отхранила, А Јана со крајни напори се воздржуваше да не писка од боли. Детето сакаше пресушен извор да изврутока, а сувата дојка полека расветуваше под малото влажно јазиче. Жените гледаа, и скрај да е, помислија дека Јана се мрднала, а војниците беа во недоумица, затоа што глетката не се поклопуваше со кажаното дека таа е најстара. Петра чувствуваше како другата цицка ѝ се полни, како почнува како бело пченично лепче да се заоблува, како дојката набрабрува и како нешто силни ѝ ги притиска двете гради. И тогаш, како река што по години се враќа во своето корито, од голата града во млазеви бликна бледожолтеникава течност, а бебето почна да се гуши во надојдениот животен сок. Жените почнаа да се крстат и молитви да шепотат, војниците се засрамија и почнаа погледите да си ги кријат, Бона незаситно цицаше, а Јана не верувајќи им на очите, со големи болки во градите скина еден лист од вејката над неа и со него си ја покри голотијата не од срамотија туку да не ѝ го урочат млекото, за да не секне новиот живот во нејзините раце, веќе спокојно цицалче, со повторно руменило на образите и отворена модрина во очите. Ова ѝ даде невидена сила на Јана. Почна да им вика на војниците да си одат во војна ако така одлучиле, а нив да ги остават да си го изодат патот по кој тргнале. Искрите од нејзините очи, гласното карање, ги ужасија. Без збор, војниците исчезнаа во шумата. Јана, со детето на града, со невидена сила повторно ги поведе жените.

Бона цицаше од својата баба до петтата година. Уште два пати, имаше уште толку војни додека беше дете, ја преминуваа планината во обратни правци. Последниот пат Јана не издржа. Не затоа што си ја виде запустената куќа, туку затоа што разбра дека таткото на Бона се преженил и дека ќе си ја прибере кај себе Бона.

Прво ѝ секна животот, а потоа млекото. Млекото од нејзините гради никако не секнуваше. Жените мораа да ја покријат наместо со еден со два ќилима за народот да не ѝ се чуди на мокрите пазуви.

Изгледа не умира сè наеднаш кога човек ќе умре.



Поезија

УДК 821.163.3-32

ПЕСНИ

Лејла Шериф Емин

Убава Македонија

Ниту сум хипотетична, ниту далечна
Туку гранка искината помеѓу печалба и татковина
Помеѓу зеленила, на срцето на Балканот
како еден осамен Ан сум,
На десна страна се издига Шар Планина
На лева ми лежи Вардарската Долина
токму таму каде се вдишува
најбистриот балкански воздух...

Ние сме тие кои со заеднички заложби печеме ајвар
Во едно септемвриско комшиско друштво
Ние... кои од ист жар ни горат душите,
сепак ја чекаме надежта пред исто тенџере
Еве те, моја мала земја со огромно срце,
еве те стоиш карши мене Македонијо
Јас израснав токму овде, веднаш до Куршумли Ан
Во срцето на Скопје
Чаршијата ни беше нашето игралиште
над калдрмите ни крвавеа детските рани
Пораснавме со љубов, и сплотени заедно
чаршиско дете ни беше прекарот
Без да прашаме за јазик и вера,
си го делевме лепчето заедно
но никогаш симитот од погачата
особено онаа од кај `чичко Илјо` или `Бабичката`

Ако сме натажени или истопени од портокалов бран
Од Охрид баравме чаре и дерман
Та ако не е доволно,
зумбулот Мавровски го намирисавме,
во различни филџани кафе пиевме
но сварени од исто ѓезве
знаевме да гледаме и на кафе

И да ни се падне тага на гатање
Ќе ја истеравме тагата заедно со талогот во
чаршиската чешма
Дојранската риба нè нахрани сите
над косите имавме круни од булките на Чаликли
Најубава на Балканот, моја напатена Македонијо
Да те прегрнеме моќно, да ти бидеме штит карши
сите
Да те чуваме сите заеднички од душмани и
злонамерни
Да те одгледаме со љубов и мир
Верувај, тогаш никој не ќе може да го чепне нашиот
Ан
Слободни сме ако и ти си слободна
Ти посакуваме многу години исполнети со бериќет
и среќа
Биди ми вечна
За многу години Македонија...

Осамени куќи...

Сега веќе се натопува еден брод-дух
Кој е окован од тешки маки
Капка по капка си ронат солзи и се претвораат во
јазли
Што ли друго преостанува освен да се закотви...
Плашливец си држел в рака,
Ме погоди но не ги закопа надежите
Еве,
Понекогаш летото доаѓа ненајавено, како смртта
Си лебдат честички во празни соби
Удира жега, завесите се кинат од горештина
Една куќа лека-полека почнува да бледнее
Се заклучуваат врати, собите го напуштаат градот
Иднината се осудува на доживотна казна
Куќата веќе станува пристаниште на дни без луѓе и
без утра
Недвосмислени зборови се заковуваат на ѕидови
Осамените огледала си го губат својот лик
Уште една куќа се погребува без да биде средена
Веќе ниедна приказна нема да никне од таа софра...

Умор

Ги закопав лицата во таа темнина
Само еден зрак од сонцето ми фали
За да излезат фактите на виделина
Изморена сум но не и безнадежна
Знам овој немир беше од есента
Сите мои битки широки ми стоеја
Нема врска
И онака ќе ги носев пак другата година

Изморена но не и безнадежна
Ми фали само еден сончев зрак
Една божја волја
Тоа што е веќе пишано
Ми фали само еден крик и една рака
И сите тие лица ќе се видат во светлина
Не, не сум безнадежна
Само малку уморна...



Проза

УДК 821.163.3-32

ЧУДЕН МАЖ БЕШЕ ПЕРО

Александар Кујунџиски

Речиси и не постоеше човек во Градот што не го познаваше! Него. Перо, лично и персонално. Или барем да не слушнал нешто за него и за неговото поведение?

Беше присутен секаде, не само во кафеаните, по улиците, продавниците.

– И каде не ме сеат – и таму никнувам! – изјавуваше тој за себе. – Јас го можам тоа што никој не го може: во исто време да бидам на две места!

А неговите сограѓани:

– Човек – веселник! – најкратко отсликан.

– Чуден шегаџија. Сè на шега врти и тера! – би дополнил друг.

– Ти си мајтапчија невиден! – му рече в очи (и в уши!) еднаш трет негов сограѓанин, на што тој веднаш одврати:

– Зошто невиден?! Еве ме, види ме, фала Богу жив и сè уште здрав; но за душман не земај ме!

И, навистина. Не може да се каже дека тој некому, па и нему, зло му мисли, но многу нешта од стварноста не можеше да ги сфати и да ги прифати такви какви што се, па... јазикот негов знаеше и да сее и да меле најразлични... како најточно да ги наречеме, де?

– Мајтапот ми е секогаш бесплатен и никому досега не сум му земал ни скршено париче за тоа што го слушнал од мене. Не сум ко некои други што се мајтапеле со народот а сето тоа дебело си го наплатиле и се нафатирале не само како бродови, туку како цела фрегата од бродови...

По овие зборови, соговорникот Перов почна да се снебива и со новонаправените чекори сакаше да му каже дека му се брза или ги одбегнува ваквите теми.

– Слушни го уште ова, ако имаш време а не брзаш да слушнеш некои такви, зашто сè уште се живи, здрави, и – никогаш и не минале покрај затвор а не пак да влезат внатре за да ги почувствуваат и неговите удопствија... За она, првото и второто благословување, ако, нека, од Господ дадено им е, ама за она, за она де... за сè она што си го приграбиле, да не речам – го грабнале, и пак се во добивка, не загубиле ништо – ни како нежив не ќе можам да го сфатам!

Соговорникот одмавна со глава и продолжи негде, само тој си знаеше каде.

– Извини, брзам! Но, пак морам да ти речам: чуден маж си ти – сè на шега пак ја тераш...

И навистина – така беше, и така е. Таков е тој наш рунтав маж. Перо. А зборовите што тој во тој миг ги слушна од човекот на заминување, освен помислата „брзал – не брзал, братко, никому накрај не му бега пченичето слатко, што други ќе го јадат! И двете метра земја, своина, долу, макар претходно да поседувал и стотина хектари. И песничкана таговна; добар беше, арен беше, ама лошо го снајде – еве сега каде се најде!“

Кога веќе сме на ваков терен – што би рекол тој – ајде тогаш, првин да зборнеме малку за песните. А потоа за прозата, за прозаичноста, за драмите, и за другите видови и родови и одродени сос-стојби, напишано онака како што тој го делеше овој збор.

Кон некои народни, обнародени или новородени песни не се стегаше и не се плашеше да пушти оси од осилата свои или да боцне со житна осилка, како што тој ќе нè увери подоцна, и некои други, повисоки и позначајни сфери.

А сега, ајде да почнеме првин со „севдите“, а потоа со одделни „потешки“ теми. Да речеме, за онаа „чудна жена Вера“, во која некој Едикојси е заљубен до уши, и никоја друга не сака ни да ја погледне, па сè кај неа пак го тера. „Тера“, да. Или онаа Ника. „Ника, Ника, Ника, убава Марика“, која напуштајќи го, давајќи му „корпа“ на претходниот и оставајќи му од миразот „само слика“; веројатно за да може да се слика со неа; побегнала не со еден нов, туку „со два нови свршеника“! Два одеднаш! Алал ѝ вера, нели?

Перо наш не се воздржуваше и не се плашеше да се обиде на себесвојствен начин кисело да се „насмее“ на она песна за главниот јунак „Хусо Темјанишки, царот неготински“, која тврди дека „каури се лоши“; ниту, пак, уште повеќе цврсто да се спротивстави на пораките од една друга песна што порачува „делете ја, парчете ја – пак ќе биде наша најмила!“ Не така, не еднаш повторил, туку вака треба да гласат овие стихови: „делена е, парчена е... пак е таа наша најмила!“ Аман бре, браќа и сестри Македонци, зар не е доста, предоста делби!? Зар уште треба да се дели и парчосува ова мало парче што преостанало од неа?!?

Или, пак, ја спомнува и онаа песна во која мајка нечија живо пиле во оган фрлила само за да го гледа и да дочека потем – така како пилето живо што се прпелкало среде жарта – така, токму така „да се вртат ергени“ по нејзината ќерка убава!? А потоа, нејзе ако ѝ текне, нека си рече и таа: „ќе се грчам, ќе се турчам, мила мајчице...“

Што се однесува пак за други нечии ќеркички а богами и синчиња, за оние де, недобројни странски „диви“, „икони“, „хероини“, и со какви сè не епитети и одличја ореолосани

пејачки ѕвезди, кои толку често ни доаѓаат на гости од што премногу, велат, ја сакале нашава татковина, а ние широкоградо ги пречекуваме во полните сали и ги испраќаме со вреќи пари за да им се најдат за попат. Потоа, сè до доаѓањето на следнонајавената или следнонајавениот идол, бликаме среќни-пресрекни поради тоа што тие редовно кликаат и со знаме наше, и со новото, и со старото со драгост и со насмевки позираат. И накрај, громко и храбро нешто вакво ќе викнат, за цел свет да слушне: „Те сакам, бескрајно многу, Македонијо, мила!“ Нè именуваат со нашето вистинско име, ej! И така, еве, испаѓа дека тие повеќе ја сакаат Македонија отколку ние?! Или повеќе барем од дел од „ние“... Или, пак, таа љубов ја разгорува нешто, сосема, сосема друго?!

Па и за некои приказни, сказни, што ли, не само за песни, како, на пример, онаа што сите ја знаеме и сме ја „голтале“ како деца, Перо постојано повторува:

– Ајде де, видете го ова ако не сте, а тврдам дека сте го виделе. Она престрашното и бескрајно морбидното: бабичка една, осамена – ја проголтува стрвен волк, и тоа вистински, а потоа доаѓа ловец кој со нож му го распорува стомакот на ѕверот за да ја извади голтнатата жива и здрава. А сето тоа го читаат, слушаат или сликовито гледаат безбројни мали, невини детски душички!...

Има, знам, и други такви приказни, ама, ајде, и оваа сега засега е доволно да се спомне.

И не само што на песните наши, македонски, и на приказните туѓински што навраќа често, Перо се осврнува на секоја мана човекова, и на сечија постапка што не му се бендисува. А потоа, обмислено, ќе ја „украси“ со досетка своја, за која тој ќе процени дека е сјатена „на место“, и прилепена, како налепница на продукт на која стои дека производот е или не со минат рок на траење. Исто како што секое грнче ќе си најде капак; тој на сè местеше свој капак. Та и врз накривена неиспрана капа – капак. И врз тенџере со вода што врие и го крева капакот – ставаше друг. Врз капакот – капак.

– Перо сè и секого става на тапет, а ништо под тепих! – и вака го карактеризира во една свечена пригода еден негов пријател. И, навистина, тоа всушност беше и негова главна животна девиза, зашто со ваквото свое однесување: што на ум – тоа на друм, и без влакна на јазикот, за денешново време испаѓа дека не е морално подобен за да ниже и трупа девизни заштеди во банка, како многумина други, поинакви сограѓани. Ниту пак да напредне во службата која вредно, совесно и чесно си ја вршеше и да успее да се поткачи на некоја повисока и подобро платена државна позиција.

Иако дојде до неговите уши и исказот на друг негов сосед и пријател дека „тој ни се води ни се тера“, Перо пак несменливо продолжуваше да си го тера своето кривулесто и стрмоглаво патче, и да си го води животот според своите тертипи, оти „таков сум крој и сој“ – мајтапчиски се легитимираше и самиот себеси.

Па, во прилог на начините на нечиите богатења, пак негов коментар:

– Зошто некој севезден крка од преполна златна чинија, со златна лажица и виљушка, а некој прета низ контејнери за да најде корка сув леб?! И зошто некои што изрекле лаги со опашки подолги од сто магарешки врзани една за друга се прават пауни?

Тоа што сè на шега ги „тераше“ и ги обмислуваше и низата настани и нивните носители; и учесници, и соучесници, и поддржатели, и аминувачи, што умееја само да се веднат, и да кимаат со глава; можеби некому и му годеше да го слушне, но се чини, сепак, дека голем дел од оние што ќе го запознаеја во такви мајтапчиски изданија, почнуваа да го одбегнуваат, да му се тргаат од патот. Место повеќе пријатели се здобиваше сè повеќе со поинаку настроени сожители. Дали некои од нив со помисла дека се „прочитани“ од него; со мува на капата а и тие со пчела на носот; од ден на ден гледаа да не го сретнат или ги губеше сè повеќе и нив, а и другарите од кои чекаше секогаш тие да ја платат сметката во кафеаните за она што заедно го испиле. Воедно, исто како тој што со сите други правеше и солени и несолени шеги – сега и тие, и мнозина други, почнаа да се шегуваат и да се мајтапат со него.

Дури и некои негови блиски роднини зедоа да се откажуваат од неговата близина, та ја негираа и роднинската поврзаност со овој „чуден маж“.

– Ех, да беше жив татко му, и тој ќе кренеше раце од него. Ништо друго не работи, само баботи, баботи... – рече еднаш еден негов роднина, близок а далечен. Токму онака како што кажува и изреката што и нему му беше позната и понекогаш ја цитираше: „сиромавиот близок роднина секогаш е далечен роднина“!

Ги губеше роднините, па со неговите шила и осилки, со кои ги жегаше сите наоколу, па и шефот свој, ја загуби и работичката. Почна и него сè по нешто да го здоболува, исто како и многуте други што се чувствуваа навредени и погодени од неговите мајтапења, и велеа дека тоа што им го тропнал в очи – до срце ги здоболело.

Срцето не знае за шега. Сериозно продолжи да го жега и боли и него.

И никого од неговите роднини, соседи и другари не ги изненади што еден ден беше најден замолчан. Замолчан, но – насмеан. А до него ливче, на кое место тестамент; та и онака немаше што а и кому да остави во наследство, зашто живееше сам во сопчено под наем, а сиот подвижен и недвижен имот од мајка му и татко му, си го присвоија другите негови браќа и сестри; стоеја запишани уште неколку негови неизречени шеги.

Нема да ги наведеме сите, зашто и онака со тужби за изречени „навреди и клевети“ се преполни судските ормани и фиоки, па ќе ги наведеме само оние со зрнца мудрост во нив:

„Вреди ли да се тагува по веќе истуреното млеко врз чергите? Кој е тој што ќе успее да го врати назад и да го сервира во филџаните?“

„Дали таканареченото пријателство се трасира и гради само ако им ласкаш и им удоволуваш на сите? И постојано ти си тој што правиш остапки?“

„Зошто се поценети оние луѓе кои – ако тоа им е од полза и црното ќе го речат бело, а и белото – црно?!“

„Како денес и млатењето празна слама за некого се престорува во толку доходовен бизнис?“

И, како последна од запишаните мисла, што смеам да ја наведам, јас, еден од неговите поранешни екс-другари:

„Дали шегата секогаш е половина вистина, како што меѓу луѓето постои мислење, или пак во некои шеги има две половини вистина?“



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПЕСНИ

ЕЛИ МАКАЗЛИЕВА

ЖИВОТ

Почнува како пупка од цвет
Се отвора в зори на сонцето
Се држи цврсто за гранката
За зеленото око на природата.
Цвета поубав од црвена роза
Поцрвен од крвта во жилите
Мириса неговата кожа
Се претвора во раскошен цвет.
Зората патува кон денот
Денот кон темната ноќ
Се нижат нијанси на лисја
И љубови до доцна во ноќта.
Поминува топлото време
Лисјата се сушат, летаат
Замрзнат од снег е сега цветот
Спомените тивко заспиваат.
Потонува во тага
Студено му е лицето од умор
Тивко умира под налет на зимата
Со лузни од рани на душата.

НАДЕЖ

Таа е како патување по бурно море
и растерување облаци во мракот,
како копнеж за светлина
и желба за мир во тишина.
Таа е како предизвик
за стишување на болката,
како спас од неуспехот
и раѓање на насмевката.
Таа е песна сè уште ненапишана
како сребрена круна на убавината,
молитва за пресушување на солзите,
бегство од поразот и застој на грижата.

МОЕТО СРЦЕ

Понекогаш моето срце
е како виножито на небото
што скока како дете во игра,
како мелодија што свири за танц,
како дожд што расцутува цвеќе.
Понекогаш тоа е во трка со времето
и полно е со страв од судбината,
вознемирено како сув лист на ветер
со оган што гори во соништата.
Понекогаш воздивнува тешко
трага по кристален воздух,
лета како изморена ластовица,
растрчано бревта како ураган.
Понекогаш има смирувачки тон
низ него тече жуборлива река,
дење и ноќе танцува во ритам,
понекогаш радоста ја чека.

ЈА ЧЕКАМ ПРОЛЕТТА

Го чекам сончевото небо
над смарагдното око на пролетта,
да се вгнезди во потокот,
да дишат длабоко изворите.
На гранките со зелени пупки
сокови да потечат одмрзнати,
од ластари млади набабрени,
од црвени плодови разбудени.
Ја чекам пролетта,
да замирисаат розови цутови
и црвени божури со назабени листови.
Нарциси жолти да отворат усни,
под сончев зрак бел крин да се радува,
да трчаат низ душата перуники.
Да извира млада, нова трева бусен,
самоникнат плевел да се плеви.
Под разбуденото сонце птици да се парат
и нови гнезда како клобарињa да си прават.
Песната на дроздот да ги весели тополите,
топло ветре под прозорец да поигрува
во вечерна питомост со млаз од ѕвезди
ридот кон сино небо да испарува.

ЕХО НА НЕПРАВДАТА

Како брег на сино езеро со бела пена
се појави месечината во доцна есен.
Јас чекорам по брегот со жесток копнеж,
одам како звук на мелодија носена од ветрот.
Ја виткам во пелени месечевата светлина,
застанувам за да собирам суви пожолтени лисја,
за да не стапнам во пуста празнина.
Во безгранично молчење против неправдата
како верен, наивен патник по брег патувам
како што патува крвта низ жилите.
Треперам од отровот на вештите измами,
го слушам силно ехото на неправдата.
Стенка мојов здив во бескрајот на творењето,
неправдата се лизга по здивот на мојата душа,
скришно и потајно се мрести низ мене
и тоне шумолејќи тивко сè до петиците.
Некои доволно видливо злобни игри играат
и оваа есен завиваат диво додека одлучуваат,
со пренебрегнати тренинзи ја кршат правдината
на мојава тастатура врз прстите удираат.



Став

УДК 347.78

ПИСАТЕЛИТЕ СИ ГИ ЗНААТ ПРАВАТА. И БАРААТ НЕШТО ПОВЕЌЕ ОД КРОАСАН СО ВИШНА

Катерина Богоева

„Доколку се работи за авторско дело што е целосна идеја на авторот, книга којашто тој ја напишал и ја понудил на некој издавач, авторските права во секој случај му припаѓаат на авторот. Тогаш тој ги отстапува правата на издавачот на одреден временски период и за одреден тираж, секако за одреден авторски хонорар, некогаш и во комбинација со процент од продажбата – во зависност од хонорарот. Потоа, доколку има и следен тираж, авторот би требало повторно да склучи договор со издавачот (или анекс на договорот), со кој би добивал процент од продажбата на новиот тираж. Во секој случај, правата остануваат во сопственост на авторот и тој со нив располага како што сака по истекувањето на договорот, како и за други територии, односно јазици. Но, постојат и случаи кога авторот предава авторско дело на издавач или друг субјект (во случај на сценарио, на пример, на одредена продукција) што е нарачано – авторот е најмен да го изработи. Затоа нашиот закон разликува 'морални' и 'материјални' права", рече меѓу другото писателката и издавач, Билјана С. Црвенковска на почетокот од трибината „Кои се авторските права на писателите?", што во организација на Друштвото на писателите на Македонија (ДПМ) се одржа на 25 април, во неговото седиште во центарот на Скопје. Покрај неа, на трибината своите искуства со авторските права со публиката ги споделија и другите учесници писатели, дел од нив и преведувачи и издавачи: Петар Андоновски, Игор Станојоски, Делвина Крлуку и Блаже Миневски. Настанот беше модериран од претседателот на ДПМ Живко Гроздановски, кој забележа дека иако направил обид, сепак не успеа на трибината да обезбеди присуство и на претставник од Министерството за култура и туризам компетентен за темата на дискусија.

Понатаму, Билјана С. Црвенковска посочи и дека „во случај на изработка на дело по нарачка, авторот тоа го прави за одреден хонорар (во случај на целосен откуп), а во некои случаи и за одреден мал процент (доколку авторот е целосен креатор на делото, да речеме, а не само егзекутира туѓа идеја). Во таквите случаи тој ги има 'моралните' права над делото, што значи дека мора да е потпишан на тоа дело, дека во одредени случаи (ако е креатор на ликовите и на приказната) треба да биде консултиран за одредени нешта, дека и на дела на коишто во иднина нема да биде потпишан ќе мора да стои дека е автор на идејата и сл., додека оној субјект на кој ги отстапува правата – тој е сопственик на 'материјалните' права и може со нив да располага или целосно или на одредени начини (зависно од договорот со авторот). Доколку авторот е само егзекутор на туѓа идеја (да речеме пишува дел од приказна која ја разработил друг автор), тогаш тој во секој случај ги отстапува правата на 'нарачателот' за одреден хонорар. Но, за многу случаи во кои правата се откупуваат од еден автор, постојат исклучоци", рече таа. Билјана С. Црвенковска посочи и интересен пример со познат писател од Србија, нејзин пријател, кој по нарачка на голем издавач напишал краток роман за деца. Авторот му ги продал правата на издавачот за добар хонорар, но кога романот добил награда, а потоа станал и лектирно издание со големи тиражи, авторот се консултирал со адвокат, по што договорот му бил променет и тој почнал да добива и процент од секој продаден примерок.

Со искажувањето на стекнатите искуства, учесниците на трибината покажаа познавање на начините на кои се третирани нивните авторски права, но покажаа и дека се отворени за промени на постоечките состојби во земјава, во која е познато дека не може да се живее само од пишување книги. Тоа дека не постои закон што ги обврзува издавачите да им исплаќаат процент од продажба на авторите го посочи Петар Андоновски, кој зборувајќи за своето писателско искуство посочи дека кога ја објавил првата книга издавачите биле со став дека му прават „услуга" со тоа што го објавиле, но со текот на годините тој и уште неколку подобро продавани автори успеале да се изборат да земаат процент од продажба на

книгите. „Во моментов јас земам 50 % од продажбата на моите романи и така треба да биде за сите автори. Иако ваквите договори најчесто се склучуваат помеѓу авторот и издавачот – а колку повеќе сте продавани толку полесно се доаѓа до ваков договор – сепак треба да им биде платен трудот и на оние автори чии книги не се продаваат. Затоа треба сите заедно да заземеме став, а тоа да биде со поддршка од ДПМ (што треба да биде еден вид синдикат не само за сопствените членови туку за сите автори) и да не отстапуваме од договореното. Само така нашиот труд ќе биде вреднуван и почитуван", рече Андоновски. Тој, но и другите учесници, им укажаа особено на младите писател(к)и во публиката, кога ќе потпишуваат договори да внимаваат на нивната содржина. „Во никој случај не треба да му ги препуштаат своите права на издавачот", потенцираше Андоновски, „доколку авторот и издавачот се договорат половина од правата да ги има авторот, другата половина издавачот, во договорот мора да биде нагласено дека издавачот правата ги има исклучиво на територијата на Р Македонија. Во никој случај издавачот не смее да ги поседува правата за надворешна употреба, освен ако издавачот не биде во улога на агент, но и во тој случај не смее да задржи повеќе од 20 % од продажбата на авторските права."

„За жал, ние во земјава имаме недостиг од финансиии, недостиг од мрежа за дистрибуција на книги, од маркетинг за книги, има мал број книжарници, пиратерија, нефункционирање на триаголникот: издавач – книжарница – купувач, имаме намалување на куповната моќ, криза на читање..., а тоа се само дел од предизвиците со кои се соочува издавачката дејност во земјава, особено кај албанската заедница", рече меѓу другото Делвина Крлуку, нагласувајќи дека иако живее во Македонија, поради состојбите што ги спомена, не соработува со издавачки куќи од земјава, туку само со издавачи од Албанија и од Косово. „Но, овде творам и сакам да бидам успешна и оваа држава да оди напред", рече таа, забележувајќи притоа дека во комисијата што одлучува за финансирање на книгите на албански јазик при Министерството за култура и туризам работат некомпетентни луѓе: годинава ѝ била одбиена книга со неточно образложение дека таа нема објавено повеќе од пет книги, иако, како што посочи, веќе има објавено повеќе од десет книги. Освен тоа, добитник е и на награда од литературата и од публицистиката. Делвина Крлуку, пренесувајќи дел од позитивните искуства од Албанија, укажа на својата добра соработка со издавачката куќа „Онуфри", што го издава и списанието „Екс Либрис", каде биле објавени и нејзини препеви од дела на Блаже Конески, Горан Стефановски, Раде Силјан, Ресул Шабани и други автори. Спомена и дека ѝ било платено гостувањето во една тамошна телевизија. Најпосле, таа покажа и текст од весникот „Коха", со фотографија со македонски знамиња поставени во центарот во Тирана, во рамки на „Неделата на македонската култура". Укажа дека е потребно ДПМ да соработува со Македонскиот културен центар во тој град.

Игор Станојоски, пак, споделувајќи го своето искуство со авторските хонорари, со настапите на прозни и поетски фестивали кај нас и во светот, издвои дека на неодамнешен настан во странство, сличен на трибината на која учествуваше вечерта, му бил исплатен хонорар од сто евра. „Кога сум одел на некој фестивал во странство обично било покривано сместување, пат, но хонорар и не мора да има. А во Македонија, кога учествуваш на такви настани, организаторите обично сметаат дека ти прават услуга, што ќе бидеш виден, или дека ќе имаш и вечера", рече тој. Незадоволни од наследениот долгогодишен третман во земјава, кога често нивниот хонорар за вложениот труд не е на потребното ниво или воопшто не им е исплатен, авторите се наоѓаат во ситуација и да проверуваат какви извори на финансирање има организаторот. „Мислам дека сега е време никој да не се срами да го праша организаторот, колкав е твојот буџет и колкав ќе биде мојот хонорар", потенцираше Блаже Миневски, а Живко Гроздановски предложи да се разгледа и можноста ДПМ да постигне согласност да постои минимален износ, од 1.500 ден., на пример, за настап на писателите на каков било фестивал или на книжевно читање.

Учесниците на трибината ги разменуваа своите позитивни искуства од гостувањата на настани во странство, но укажаа и на новите, непрофесионални тенденции во земјава кога настапуваат во библиотеки и училишта без хонорари. Ја нагласија потребата таквите проблеми да се решаваат, освен во Министерството за култура и туризам, и во Министерството за образование и наука, за да можат македонските автори за деца достоинствено да се претставуваат во училиштата.

Наташа Атанасова од веб-порталот „Блен", која ја следеше трибината од публиката, се вклучи во дискусијата и предложи преку ДПМ на училиштата да им се нудат работилници за деца, а за нив родителите да плаќаат онолку колку што плаќаат кога ги носат во театар.

Говорејќи за своите авторски искуства со преведување и пишување книги, Игор Станојоски посочи дека главните финансии за превод на македонски јазик не доаѓаат од нашето Министерство за култура и туризам, туку од странски фондови. „Мислам дека во Македонија повеќе се исплаќа да бидеш преведувач отколку писател", рече, со што се согласија и другите учесници. „Јас преведувам од чешки, од украински, од повеќе јазици на македонски, и во изминатите пет години имам преведено над 20 романи, а како писа-


тел издадов романи на македонски јазик во 2017, па во 2023 година. Сум преведувал со државни пари од Украина и од Чешка и на некој начин тие 'меѓу редови' ми велат: 'батали пишување, еве ние ти плаќаме, ти преведувај ги нашите книги, да ја афирмираме чешката, украинската книжевност. Батали пишување, не ти треба да ја афирмираш македонската книжевност'. Во меѓувреме македонската книжевност, условно речено, губи затоа што нема мој нов роман", рече Станојоски. Тој смета дека би било добро да се направи истражување колку авторски права, за колку книги купуваат македонските издавачи годишно, а колку авторски права за дела на македонски автори се продаваат во странство. Смета дека соодносот би бил 100 спрема 1. „Македонија не финансира преводи на странски јазици. Имаме една програма за превод што беше активирана во 2012-2013 година... каде е сега таа програма?", праша тој, по што додаде дека страницата на Министерство за култура и туризам има верзија на македонски и на албански, а нема верзија на англиски. „Се прашувам како странскиот издавач ќе ја најде таа програма, која треба самата да се рекламира и на Фејсбук, на Инстаграм. За сите нас е важно таа програма за финансирање на преводи на дела од македонската книжевност на странски јазици да функционира како што треба", потенцираше тој и укажа дека програмата треба да остане во Министерството за култура и туризам и да профункционира, или пак во негови рамки да се отвори посебен центар што би се викал „агенција за книги", „центар на книгата", или пак „институт на книгата".

Споменувањето на овој проблем го актуализираше повторно прашањето за отворање соодветна агенција за книга во земјава, која во изминатите години беше само најавувана.

„Можеби ДПМ треба да покрене иницијатива до Министерството за култура и туризам дека е неопходно за македонската книжевност, за македонските писатели, за писателите кои работат во Македонија, да се отвори една таква агенција, затоа што сите нормални земји во светот ја имаат, но ја имаат и земји кои можеби и немаат потреба за тоа. Особено малите земји мора да ја имаат", рече Блаже Миневски, кој набројa десетина такви примери. „И во Словенија веќе 23 години функционира таква агенција, и до лани, тие од словенечки јазик поддржале превод и објава на 667 дела на германски јазик, на англиски 322 дела, на хрватски 266 книги, на македонски 204 книги...", додаде тој, изразувајќи уверување дека Македонија може да го следи примерот на Словенија, а таквата агенцијата да работи со осум луѓе. „Таа агенција, или центар, да не биде само за книга, туку да биде за читатели, значи да води сметка во исто време и за читателите. Ние сега имаме страшен суфицит на извоз на култура од Македонија, ние увезуваме пет-десет пати повеќе отколку што извезуваме. Затрупани сме, на пример, со преводи од странство, а едвај излегуваме со десетина книги во светот годишно. За ваква агенција веќе имало иницијатива во 2014 година, направиле и подготовки, подготвени се и дел од законите, била обезбедена дури и просторија, но потоа дојде до промена на власта. Но, и во програмата на СДСМ, кога дојдоа на власт, во 2016 година, стои дека меѓу приоритетите, во првите шест месеци, ќе им биде формирање агенција на книга. Поминаа седум години – ништо не направија. Значи сега, трет обид, сега ДПМ има можност да направи притисок, дека е неопходно за македонската книжевност да се направи соодветна агенција." Според Миневски, оваа агенција би се потпирала на три столба: „издаваштво, меѓународна соработка и читачка култура. Мислам дека за пет месеци би можело да се завршат законските процедури. Значи, од први јануари би можела да стартува со работа, да се вработат млади луѓе, кои ќе комуницираат со агенции по светот, со агенти, со издавачки куќи. За една година ќе можат да направат мрежа, сега немаме никаква мрежа. Сега немаме ни приватна агенција за пласман на македонската книга во светот. Македонија има субвенции за извоз на јагнења, за извоз на вино, а нема субвенција за извоз на книга. А мора да субвенционира таков извоз", рече Миневски.

Живко Гроздановски најави дека како претседател на ДПМ ќе се заложи што поскоро да се побара средба со одговорни лица од Министерството за култура и туризам за да се реализира идејата за агенција за книга во земјава.

Ненад Стевовиќ од издавачката куќа „Или-Или" се согласи со фактот дека е потребна агенција за книга, но посочи дека проблемот кај нас е многу поголем, пред сè поради недостигот на доволно преведувачи од македонски на други јазици. Тој потсети дека во изминатите години и во времето на владеењето на ВМРО беа укинати повеќе лекторати за македонски јазик во светот. Стевовиќ се согласи и со мислењето на учесниците на трибината дека писателите во земјава не можат да живеат од продажба на книгите, но сметаше дека нивното добро пишување и нивната препознатливост како добри писатели во јавноста е она што им оди во корист, и што може да им овозможи да добијат поинтересни и можеби поисплатливи ангажмани, коишто не се директно врзани со пишување на книга и со нивната продажба. На овие зборови од Ненад Стевовиќ, кон крајот од дискусијата, се надоврза Игор Станојоски, кој одговори дека тој еднаш почувствувал корист од писателството, случајно, во Градскиот трговски центар во Скопје: „Купував парче пица, а продавачката ме познавала како писател и ми даде гратис кроасан со вишна".



Студија

УДК 304.2:316.654

НЕДОВЕРБАТА ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЧИНИТЕЛИ КАКО ОСНОВА ЗА НАРУШЕНИОТ КРЕДИБИЛИТЕТ НА НАУКАТА И ЕКСПЕРТИЗАТА

Стефан Марковски

Во „Смртта на експертизата“ (2017) на Том Николс предмет на истражување е снижената вредност и потконаниот авторитет на експертизата во рамки на современото општество (пред сè, во американски рамки), а авторот овие тенденции претежно ги припишува на флукс од пропусти во образовните процеси, промените во општествените сфаќања и перцепции предизвикани од сеопштата употреба на технологијата, како и културните тенденции. Ние, пак, цениме дека оваа визура што идентификува низа од мошне важни проблеми сепак, во прв план се фокусира само на еден дел од нивните извори, што пак, би сакале да ги елаборираме во овој есеј, сметајќи дека нивното прецизно определување и сеопфатно разбирање е првиот чекор кон сето она што би можело да се преземе во насока на повторното враќање на авторитетот и кредибилитетот на науката во јавниот дискурс.

Круцијална е улогата на големите корпорации, особено оние од технолошкиот сегмент, потоа на медиумите, невладините организации и граѓанскиот сектор, како и социјалните медиуми врз обликувањето на јавниот дискурс во контекст на маргинализацијата на научните гласови и недовербата во експертизата и науката.

Всушност, цениме дека скептицизмот на јавноста кон експертите, пред сè друго и во најголема мера произлегува од недовербата на (голем дел од) граѓаните кон корпорациите, медиумите, државните институции и организациите од невладиниот сектор со голема акумулирана моќ во политиката, а кои се себепретставуваат како нивни заштитници, штитејќи ги правата на одредени групи, па и самата демократија.

Паралелно со ова, изненадувачки бргу стекнатата и веќе енормна моќ на овие приватни компании, тела и државни институции, со што се добива слика и за системска неврамнотеженост на моќта, недвосмислено и разбирливо предизвикува скептицизам во јавноста во однос на нивниот реален интерес и мотивираност кон научната објективност, односно кон „научната вистина“ што ја промовираат, покренувајќи и прашања за тоа дали оваа недоверба може да биде рационално оправдана.

Ваквиот забрзан раст на корпорациите, особено на оние од сферата на технологијата, предизвика и промена во начинот на кој тие пристапуваат кон објективноста, а со тоа и на нивните корисници кон знаењето. Факт е дека веб-пребарувачите и социјалните медиуми со својата експанзија даваат сè поголем приоритет на приходите од рекламирањето и добивањето сè попрецизни информации за корисниците (притоа постојано преминувајќи ги црвените линии на приватноста) за сметка на насочувањето на корисниците кон критичко размислување и промоција на (она што според недвосмисленият научен консензус е најблиску до) „научната вистина“.

Истовремено, намалувањето на финансиската моќ и можности на општествената средна класа и економски пониските слоеви како резултат на дополнителното зголемување на богатството (и моќта) на економско-политичкиот естаблишмент не наидува на задоволителна видливост на проблемите што произлегуваат одовде, со што овие платформи и медиуми, наместо да го задоволуваат јавниот и општествен интерес, ги користат сите алатки со кои располагаат за поедноставување на информации, создавање зависност од сензационализам и општествено-политичка поларизација.

Во овој контекст, каде се чини дека секоја друга борба и поларизација само се надоврзува на постојаниот конфликт на релација средна класа – економски естаблишмент, алгоритмите форсираат содржини што се општествено безначајни или пак, штетни и свесно или несвесно создаваат поголема поларизација, но се такви што во меѓувреме се усогласиле со преференците на корисниците, воедно создавајќи и еден вид „информациски енклави“ во кои одредени групи што припаѓаат и на двете вообичаени (или повеќе?) страни од политичкиот спектар почнуваат да живеат во своите „стаклени ѕвона“ без желба или волја да слушнат или да разменат различни ставови, без разлика дали тие се или не се научно поткрепени.

Во насока на промоцијата на „индивидуалната вредност“ и правото секој да го изрази своето мислење, што

секако оди во прилог на зголемениот ангажман (англ. engagement) и интеракции на социјалните медиуми, што би можело да се преведе и како повеќе време поминато на нив, а со тоа и поголема економска бенефит за самите социјални медиуми, се создаде и т.н. „инфлуенсерска култура" во чиишто рамки одредени општествено влијателни личности доминираат во општествената перцепција и дискурс, вклучувајќи ги овде и темите што би требало да подлежат и на построг научен третман. Оваа „култура" од своја страна истовремено успева да ги обликува развојните патишта на младите корисници, што во голем број случаи кај нив може и да инспирира чувство дека во животот е потребно да се биде „самостоен истражувач", односно да се релативизира и минимизира вредноста на заклучоците до кои дошле научниците преку години поминати во макотрпни истражувања, а за сметка на тоа да се преувеличи „сопственото истражување", што во екстремни ситуации доведува и до континуирана себезаблуденост во т.н. Данинг-Кругеров ефект, како и до залажувачкото чувство на сопствено откритие.

На тој начин, алгоритмите на социјалните медиуми/платформи, чии механизми, патем кажано и понатаму остануваат целосно нетранспарентни за целокупната јавност (концепт во однос на кој во најмала рака постои простор за дискусија, со оглед на импликациите на алгоритмите врз нашето секојдневие), форсирајќи ги интеракциите и со тоа, профитот на самите платформи, секогаш даваат предност на забавата и лесно преносливите пораки, особено оние со емоционален предзнак во однос на научната (и неретко „сувопарна") објективност, долевајќи „нафта на огнот на некритичкиот пристап" и со тоа, многукратно забрзувајќи го неговото распространување.

Не е потребно посебно нагласување на фактот дека „тежината" на самата научна обработка (во текстуален/пишан формат), заедно со научната заднина или научен интерес со кој би требало секоја единка во едно општество да располага наспроти широко распространетиот и разбирлив глас на овие индивидуи, кои често своите ставови ги изразуваат во лесно распространливи видео-формати, одат во прилог на вторите.

А сепак, во ваквото меѓусебно „натпреварување" следуваме само една од широкиот спектар причини за ова.

Инструментализацијата на одредени „научни" истражувања во материјалистички, односно профитно ориентирани цели вклучува бројни ситуации во кои корпоративната алчност, исто така, „фрла магла" врз науката во очи на потрошувачите. Така, постојат примери во кои одредени корпорации „купиле" научни студии (на пример, врзани за тоа дека употребата на хемиски супстанци и хормони во третирањето на добитокот не прави разлика врз квалитетот на добиените прехранливи производи, според нив), а потоа ја „купиле" и нивната видливост– на пример, разни етикети залепени на производите што ги продаваат, а во кои се цитираат таквите студии (чие реализирање можело и да биде спонзорирано од самите нив). Значи, иако во науката во однос на вистинитоста на определени студии не постои консензус, тие сепак ја постигнале својата комерцијална (и никако научна!) цел, станувајќи видливи и широко рекламирани, што во очите на потрошувачите може да создаде и слика на барем делумна поделеност во научната заедница по однос на определено прашање.

Притоа, самите медиуми се пресудни во проширувањето на оваа претстава за непостоење научен консензус по определени прашања, односно пристапуваат од позиции кои заради одредени околности (тежнеење кон сензационализам, забава, контроверзи, жолт печат, привлекување внимание итн.) овозможуваат субјективизација на науката и/или извитоперување на реалните наоди, неретко вадејќи ги од контекст добиените заклучоци или вметнувајќи „свои зборови" што всушност, ја менуваат нивната смисла до степен на непрепознатливост, па и обратност. Истовремено, медиумите имаат одговорност во насока на заштитата на јавниот интерес и објективното информирање да обезбедат соодветен „медиумски простор" за научни дискусии и дебати, кои за жал, сè поретко ги следуваме, сведочејќи за една општа маргинализација на науката.

Ова непочитување, па и „исклучување" на науката неретко води и до целосна елиминација и неотстапување ниту минимален медиумски простор на различните гласови кои се присутни во науката, особено по однос на некои од прашањата за кои помеѓу научниците постојат делумни несогласувања, но сепак постои и гледиште што преовладува. Ваквото „чување на портите на вистината" (англ. gatekeeping) доведува до зголемување на сомнежот дека одредени научни факти селективно се кријат, дека некој има цел да ги „избрише" од постоењето, а пак, да ги злоупотреби оние што се предмет на „чување", кои некои мејнстрим медиуми ги „проповедаат" до степен на „света вистина" што не смее да биде подложена на никаков тест.

Покрај медиумите, носители на одговорноста за ваквите состојби можат да бидат и други општествено-политички чинители, како што се невладините организации и здруженијата кои се дел од т.н. граѓански сектор. Со оглед на фактот дека некои од овие организации постојат заради конкретни цели (на пример, заштита на животната средина со фокус на одредени аспекти, движења за права на различни општествени групи/категории итн.), се случува промоцијата на одредени наративи усогласени со нивните агенди да се базира на одредени „реконтекстуализирани" интерпретации на науката или пак, на пренагласување на одредени научни факти за сметка на недоволно внимание/игнорирање други итн. Себепретставувањето кон јавноста од страна на некои од овие организации како арбитери на вистината, во паралела со ставањето на активистичкиот предзнак пред експертизата и запоставувањето на транспарентноста околу нивното финансирање и методи на работа овозможува дополнителен раст на скептицизмот на јавноста околу можното инструментализирање на науката, односно го поткопува научниот кредибилитет кога станува збор за неговото место во општествената динамика.

Не можеме а да не констатираме и дека прашањето на довербата во дадени ситуации, особено во периоди на криза, е воедно и прашање на тоа дали определени компании во нив би можеле да профитираат, како што е случајот со финансискиот раст на одредени компании од фармацевтската, но и други индустрии (на пример, повеќе компании од ИТ-секторот) што имаат директен или индиректен финансиски бенефит од појавата на здравствени кризи, како епидемии, пандемии итн. И покрај медиумското влијание со кое располагаат овие компании, голем дел од слободоумните граѓани развиваат сомнеж кон форсирањето на „единствена вистина“, особено имајќи ги пред себе овие факти од економски карактер, а кои може да имаат и поширок општествено-политички импликации.

Емоционалниот пристап на граѓаните како консументи на информации, што често се должи на претходни разочарувања заради скандали поврзани со корпоративните лобирања, конфликтите на интереси, медиумските манипулации, цензурата на различните размислувања, лажирањето одредени податоци итн., неретко е и пристап на аверзија, и оттука, во бројни ситуации доведува до оправдано отфрлање на „експертизата“, но за жал може да доведе и до контрапродуктивните резултати од целосното отфрлање на експертизата, вклучувајќи ја и онаа кога преку неа се добиваат резултати што се релативно блиску до објективната вистина во согласност со принципите на научната методологија.

Затоа вистинското прашање што треба да се постави во насока на враќање на авторитетот на експертизата би било: Како да се подобрат транспарентноста во функционирањето и одговорноста на приватните компании/корпорации, организации од граѓанскиот сектор и владините институции што се обидуваат да промовираат определени „научни вистини“ и „експертиза“, особено имајќи ја предвид историјата на нивниот неискрен, а често и манипулативен однос кон граѓаните?

Дали е воопшто можно, со посредство на медиумите, социјалните мрежи и другите комуникациски механизми, канализирање на граѓанскиот револт кон конструктивен дијалог со науката, која првин треба да биде во квантитативно задоволителна мера, во доволна сложеност, неинструментализирано и неселективно експонирана пред јавноста?

Доколку одговорот е негативен, нарушено е едно од основните начела на научниот прогрес: отвореноста кон дебата и ревизија, што произлегува токму од несогласувањата меѓу научниците. Конечниот резултат на овие несогласувања е изградбата на темел за корекција на теоретските перспективи преку засновање на најновите емпириски факти, што е можно при доволна и кохерентна комплексност на самите теории, соодветна информираност, отвореност на умот, и секако, меѓусебна доверба, со која голем дел од самите научници располагаат.



Поезија

УДК 821.163.42-1

ЕДНА ПЕСНА

ҐУРО ВИДМАРОВИЌ

Украински сликар и мојата мајка

на Јурај Луцкевиќ (украински сликар)

Умре со сликарски прибор на грбот
во прошетка на Пушчи Оземи, берејќи го полското цвеќе,
сликајќи чудесен пејзаж украински,
носејќи китка за онаа што ја нарекуваше судбина.

Умре далеку од Хрватска,
далеку од земјата што ја познаваше
и сакаше, во која цутеше
и твојата сликарска четка,
на брегот на нејзиното море
Во Башка, Омишље, Црквеница
во старинскиот двор на мојот татко
во селото рамно покрај река
што ги памети моите стапала боси.

Луѓето ги врзуваат далечните јамки
Во фраза велат: историски врски.
Не мора се да биде во тоа,
понекогаш и кафето е доволно.

Ми се плаче поради твојата смрт
драг мој Јурај,
што занавек отиде, а потоа и мојата стара мајка
што со љубов ја наслика
во оној сончев ден во мојата родна Кроација.

Верувам дека некаде во недостапноста на нашата фантазија
во некоја подобра стварност
и благосостојба
разговараш со мојата мајка.
Таа ти прави пита со јаболка
а ти го сликаш нејзиното бистро око.

Препев од хрватски на македонски јазик: Љерка Тот-Наумова



Поезија

УДК 821.18-1

ПЕСНИ

Љуљета Лешанаку

човек без земја

Јас сум човек без земја,
сè што имам

ми е напишано накосо врз лицето,

како „fragile" на пакетите за транспорт пред празници.

Дедо ми се мачеше со својот имот
како ѕвер со стапица,
не внесувајќи трет лик во предизвикот.

Беше тоа двобој на џентлмени.

Игра без мамење, без изненадувања, со редовни примирја меѓу рундите
и без ситни рани; таа те обзема целосно.

Чекорите му беа крупни. Погледот – месојадно растение,
зона чиста од инсекти и сомнежи.

И кога земјата прва го напушти него,
тој го виде предавството што му се случи зад грб:
како дудинката фрлаше сенка во дворот на соседот,
како жена му гневно му го соблече едниот чорап
пред да умре,

а синовите му стареја неженети.

Дедо ми не изгради кула. Го избра хоризонталниот

јазик

за да зборува со Господ: си купи безмерна земја.

Си купи континуитет

и, секако, изврши бласфемија

оти јасно му било кажано:
„Ти немаш сила да размислуваш за утрешниот ден!"

Јас сум поинаква; јас сум човек без земја
и ништо не се случува зад мојот грб.
Јас сум како влажен дневен весник
што секогаш доаѓа навреме
со првиот камион што минува по патот.

причина

Со едната рака Бог му го скамени срцето на Фараонот
за да не го остави божјиот народ да си замине.
Кога тие видоа како морето им се отвора пред нозете
и ја спознаа неговата моќ, ја разбраа причината за ропството.

А потоа
повторно ги напушти во пустината,
за да разликува што е пченица, а што какол меѓу нив.

„Големиот бран" беше причината за гладот на Хокусан
Друг сликар, поради своето слепило, ја измисли
„грубата
четка".
Причината за сите страдања е некое друго страдање,
сребрена алка што ги поврзува поколенијата.

Америка не беше причината за пловидбата на Колумбо,
ниту златото на Индија, како што тој инсистираше

до крај;

причина беше тутунот, даден во замена за огледала.
И балансот на храната е причината за војните.

Не случајно едно дете со благо лице

беше каснато од куче. Причината беше Пастер,

неговиот изум, неговата вакцина.

А причината за љубовта се sидовите,
како ходници во пирамида: сите те водат кон неа.

Еднаш, во ноември, јас и причината бевме исто.
Превисок холестерол. Си бев причина самата на себеси.
Рим гореше, а Нерон свиреше на лира
и ја пееше Iliou persis,
„Изгубениот еп".
Од оваа размисла ме протресува
силниот мирис на лук во здивот на стариот Сицилијанец,
седнат до мене во AL ITALIA, лет 2984,
од Фиумичино до Џ. Ф. Кенеди.
Тој ненамерно заспива на моето рамо,
и одблиску го гледам.

Можеби и ова се случува со причина:
неговите длабоки бразди на лицето, како билет
во еден
правец

ме држат приземјена и далеку од причините
барем некое време.

Преѓев од албански на македонски јазик: Д. Крлуку



Осврт

УДК 821.163.3-1(049.3)

МАРИНА МИЈАКОВСКА, ПОЕЗИЈА ОД МЕД И ЦИМЕТ

Љубинка Донева

„Со мед и цимет, ќе создадам совршен елемент на писмото“, вели Марина Мијаковска во една песна од стихозбирката „Коскена“. Ова секако е една убава метафора што го заведува читателот кон стиховите во кои се крие песната којашто ќе го разгали и замисли. Зашто медот е храна и лек, во која макотрпно, но и радосно (каква што е и самата поезија) е собрана сета суштина на природата, од билките, боите, мирисите, до пчелите и нивната работа. Сладоста, бојата и структурата медена, се тешки ако не се облагородат со нешто друго. Во случајов цимет, материја од подалечните краишта којашто пак, сугерира комуникација, а и му дава една друга димензија на писмото, овде именувано со мед (и цимет).

Песната на Марина Мијаковска има намера да покаже дека е „Песн(А)о моја мраморна“ што „се пишува за да си ја врати слободата“. А мраморна мора да е, мора да е цврста, зашто само така се освојува слободата. А тоа е најголемата скапоценост што може да ја има еден автор, независно за која уметност станува збор.

Кога е во прашање поезијата на Марина, таа упатува дека „Под потоците/ на перото пламнува/ пенлива плима“. Овие скалесто напишани стихови, ја одразуваат реката на животот којашто останува како запис во уметноста на зборот, на словото. А „Коските се (тоа) слово по слово“ – вели во една песна таа. „Во кожурецот на мракот, се наталожени сите семантички облеки“ (Стилски фигури). Значи тука е и семантиката на коските. Станува збор за коските на предците кои, низ вековите прават стебло на цврста, камена приказна којашто треба да се допишува. За да се допишува, нужно е „да го зачуваме зборот (вели авторката)“. Така станува камена, цврста, а ова пак го поткрепува погоре цитираниот стих за мраморната песна. Но, колку може да остане цврста таа песна ако „јазикот ни стана(е) соголен“ – ламентира и тагува поетесата. И за да ѝ се спротивстави на соголеноста, таа вели дека „секој ден зборува(м) и ја впива(м) во крвните зрнца вревата...“ зашто „во јазикот сè е можно“.

Зашто „во јазикот“, во преубавата „Голо глуварче“, собрани се сите семантички суштини во кои „Сонцето замислено седнува врз зенитот на долгите дршки... чекам да распрсне соларната глава на значењето. Свртувајќи се кон суровото секојдневие, поетесава е резигнирана од фактот дека „Денес знаењето ја губи смислата во просторот од вкрстени пајажини“. Од песна во песна, поетесава ги „регистрира“ сите нешта што ја тревожат, што го нарушуваат вистинското значење на потврдени вредности и настојува да покаже (и да потврди) дека поезијата е една од нив и во неа се чува она што нè одржува будни. Се труди таа да го покаже тоа, воспевајќи ја и сестринско-братската љубов и така испишува своевидна ода на семејна љубов. Кон братот се обраќа со една раскошна и восхитителна топлина: „Ти си светлина со двојно постоење“. И пленува и предизвикува чувства што сплотуваат и облагородуваат.

Нели чувствата се суровина на поезијата и не е случајно ваквото поетско говорење. И песната со мото од Даница Ручигај, донесува звуци најтопли чувства, на женскост, кажани претходно во „Женска“ (песна). Песните во „Коскена“, различни по мотив, ги поврзува нишката на рефлексивност и лиризам изртен од битието на поетесата и на самиот живот. Ако почетните песни се инспирирани од односот и љубовта кон предците и растежот, постепено, среќаваме стихови во кои Мијаковска се свртува кон своето лирско јас, интимно, неразделно од женската природа и нè повлекува и вовлекува во еден дискретно шармантен свет од бои („Таму во синевината ќе го чекам твојот прстен“ или „Булки“, асоцијацијата на црвеното кое пак е полно со значења). Бројни асоцијации предизвикува „Октомвриско око“ (со сите бои и звуци на есента). Многу од песните се супстантивизирани именки со кои пак суштината на воспеаното се збогатува и продлабочува и носи посеопфатно прочитување. Од обичното (но, поетско) набљудување на октомври во урбаниот град, окото на поетесава се преселува врз чадорите што го полнат денот дождлив. Притоа, кај читателот сугерира различни асоцијации коишто и самата ги носи „разгледувајќи“ ги своите „Фотографии“ (наслов на песна), поттикната од фотографиите на неизбежните социјални мрежи, на кои „светов стана столб од изгубени идентитети“ во којшто „полека умираме, без запирање“. Овде се и фотографии од драги лица, пријатели...

Се чини дека песниве не се подредувани во циклуси, но тоа пак, на „Коскена“ ѝ дава разноликост и го „шета“ читателот кон различните патеки на мотивите во неа. Една по друга се редат песни со наслови што не ги доживуваме како целина, како циклус што, пак, од друга страна ја поттикнува читателовата љубопитност и сугерира потрага од нови асоцијации, претходно навестени. Така, имаме наслови од типот: „Бродови“, „Блесок“, „Полжав без име“, „Восочни идентитети“, „Игривост“, „Времеплов“, „Млечна месечина“, „Исчекување“... Од интимната „Полжав без име“, во којашто длабоко мисловно ни се сугерира дека сите ние „...ја носиме на правливите плеќи надежта, впишана во камена куќичка што го бара па-

тот до својот изгубен дом“, преку „Денот што се прозева легнат врз темето на темнината“, до „Восочни(те) идентитети“... Оваа убава, едноставна, родољубива песна, умешно „спакувана“ во три подолги двостишја, е песна-болка, песна-опомена, од која болно одекнува она: „Името го изгубивме на игри на среќа“ за помирливо да се констатира дека „ништо не е вечно“. Но, тревожи тоа што „На принципите им ставивме оловни огради“, а боли што и „Предците се превртуваат в гроб, а живите се свиваат в земја (што значи, од срам, во земја да пропаднат). А луѓето се различни и кој каков е се гледа „...во стаклените погледи се крие сета смисла на човековото постоење“ – вели авторката во „Игривост“. И какво и да е тоа човеково постоење, човекот мора да оди напред, да тежнее и да копнее и да се крене „од пепелта на сивилото“. Загледана во „Млечна(та) месечина“, авторката покажува дека сите ние „ја влечеме со нас неизвесноста“. При крајот на овој циклус, присутни се повеќе песни инспирирани од топлината на женскоста и размислите на тој зрел ум кој „Си носам(и) бели точки за да се заштитам(и) од тие со презриви погледи“. Личноста со отворен ум не останува рамнодушна на случувањата околу себе, па ја бележи и актуелната состојба со сè што се случува околу (затоа што се процесира и во) неа и не останува незабележано и семејното насилство од кое најсилно говори „Соба(та) на молкот“.

Третиот, последниот циклус, опфаќа песни со наслови исти со насловите на неколку стихозбирки од големиот Анте Поповски („Камена“, „Љубопис“, „Тајнопис“, „Непокор“...) или пак со мото кое е стих од некоја од песните на споменатиот автор. Умешно одбрано именување на овие родољубиви изблици.

„Огнена“, зборува за сериозниот пристап на авторката кон битието на сопствениот народ, неговото минато полно со болка, но, и потребата да се остане свој, цврсто на тлото коешто со векови е пустошено од секакви и никакви. Топло звучи: „...ќе ја пресликам сета природа на мојата родина..., врз платново ќе слета огнена песна, за да ги запечати сите македонски места“. „Корен единак“ е песна-молитва во којашто поетесава загрижено моли: „Боже, зачувај го светиот корен на народот мој“ – така зачувувајќи ја и нашата почит и кон големиот Анте Поповски. Поврзувајќи се со овој поет, Марина Мијаковска во име на сите почитувачи на неговото дело, на своевиден начин, нè задолжува и преку своите стихови и упатува на размисли за светот во кој живееме, за нашата македонска стварност и останува посветена на мотиви што се актуелни и неодминливи.

Она што ја прави оваа поезија тоа што е, е личното, оригиналното гледање на светот околу себе, во допир и спој со интимното, личното, женското и интелектуално надграденото. А тоа секако не е малку и токму затоа е читлива и привлечна поезијата на Марина Мијаковска.


УДК 821.163.3-1

НИЗ МЕНЕ ДЕТЕ ЛЕТНА В НЕБО

Радмила Трифуновска

Факсимил од песна




Низ мене дете летна в небо

Јас не видов на небото да падне ѕвезда
и не чув некаде камбана злокобно да бијат
беше пролет на вечер листовници виеја снежни
а мене в срце не каса нејзината жалост

Не преседа ми доволно од себе во тебе
ти сонувам страсно во оваа јаглена ноќ
летна низ мене ти мало претерано бреме
под дрвото немам немирно птичје тело

Дар мамиш ми е овој шепот нејзин го носам
раздалечен меѓу ѕвездите и на умирање
нејзе клетва е сал уран стребам да косам
и далеку да не расте на полите голиот

Колнеев само во болот да не пропаднеш
и да бидеш камен на нејзината тајна верен
не ќе рекам никогаш дека никнат ли долниш
желеев само голем грутчик на земја

Јас не видов на небото да падне ѕвезда
и не чув некаде камбани злокобно да бијат
беше пролет на вечер листовници виеја снежни
та долгото в срце не каса нејзината жалост

Радмила Трифуновска



Струшки вечери на поезијата 2025

УДК 82-1:7.079"2025"(497.772)(082.2)
УДК 821.162.4-1

ИВАН ШТРПКА, ДОБИТНИК НА „ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ“ НА СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА ЗА 2025 ГОДИНА

Овогодинешниот добитник на наградата „Златен венец“ за 2025 е словачкиот поет Иван Штрпка (1944). Елизабета Барануаи Кукунешоска како претседателка на Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ истакна дека поезијата е живот и светлина во темнината, која ги носи зборовите како мостови што ги поврзуваат луѓето од сите краеви на светот. Таа ги истакна Струшките вечери како настан што го оживува градот, каде што поетскиот збор не познава бариери.

Во своето поздравно писмо Штрпка, меѓу другото вели: „Неприкосновена е мрежата на песната што создава значења, што протекува како отворен процес на јазикот директно во нашата отворена мисла и пред нашите зачудени очи. И детето знае дека песната живее преку зборовите и низ зборовите. Зборовите се неопходни. Ама поезијата ги надминува своите зборови. И прераснува во сопствено значење. Тивко признавам дека потајум секогаш одново се обидувам да станам, барем за миг, поет. Се движам, се трудам. Но кој е тоа всушност, помеѓу нас, токму денес? И што значи тоа? Да се читаме, да се пишуваме, да се истражуваме подлабоко! Нашиот отворен, однапред недовршен повеќеслоен јазик може да биде овде индивидуален, а притоа единствено заеднички. Можеме притоа попрецизно и подлабоко да се разбереме. Тоа е првичниот јазик што се создава во нас и со нас од почетокот“.

Понатаму, во писмото Штрпка додава: „Внатрешниот глас и неговиот внатрешен човек во песната истрајуваат на своето. Тоа е акција, трка, подвижен контекст, насочување кон човечноста. Притоа секој во својата доверлива еднина ја носи и нашата множина. А тука со нас е и здивот на почетниците. Во дружината на нашето прво поетско поврзување, кое заедно со Иван Лаучик и со Петер Репка, кај нас во Словачка го нарековме Осамени тркачи, е тоа сè уште важечко. Секој сам за себе, со сопствени сили, со сопствени чекори, ама притоа заедно со нас продолжува неразделивата поента. Одиме натаму!“.

За овогодинешниот добитник на „Златниот венец“, академик Катица Ќулавкова ќе каже: „Оние кои знаат како се практикува медитација од типот на ‘антар мона‘, ќе ја насетат атмосферата на опуштеност и нелепење на субјектот за само една слика, едно чувство. Лирскиот субјект кај Штрпка е подготвен за лизгање, веслање или – како што денес често се вели во колоквијалниот идиом – за скролање од еден до друг стих, од една до друга ментална и јазична слика. Во песните од тој тип преовладува сетилната перцепција обележана со нежност, со нијанси, а не со ригидни, контрастни и контрадикторни сцени, резови, облици и бои. Некогаш дури и песните на Штрпка се меѓусебно во корелација, било да се дел од некој циклус или независни. Ако сака да сопостави две различни глетки и сцени од стварноста, Штрпка пишува две песни, во едната го евоцира едниот, а во другата спротивниот вид настроение, менталитет, поглед на свет, стил на живеење“.

Наградата „Мостови на Струга 2025“ ја освои Матеуш Шимчик со дебитантската поетска книга „Потребни се извори“. Полјакот Шимчик во својата поезија се фокусира на теми како личното искуство, секојдневната макотрпност и потребата за пронаоѓање извори што ќе нè издигнат. Кукунешоска за него ќе истакне дека: „Недостасуваат наслови со што на читателот му се дава простор да додаде и да ја именува песната според она што најсилно одекнува во неговото индивидуално читање. Шимчик се погрижува ова читање да биде интензивно искуство. И по формата што им ја дава на песните и по мотивите што ги допира, а меѓу кои се воочената макотрпност на секојдневието, заморот на телото, неразговараната минливост, борбата против напнатоста на натрупаните мисли и сл. Во „Потребни извори“ се среќаваме со ритмички фрази, хаику, смешни рими, вербални скокови, повторувања што понекогаш ни паѓаат на памет, лелек или играње со ехо. Не недостигаат и подолги форми – како што се извадоци од дневници или белешки – набљудувања од секојдневниот живот, штосилно укажуваат на потребата да се најдат изворите“.



Подготви: Влад. Млад.



Есеј

УДК 821.163.3-1(049.3)
УДК 929Миркуловска,Б.(093.3)(049.3)

НАСЛЕДСТВО ОД ЉУБОВ

(„АНГЕЛОТ ОД КУРБИНОВО“ – БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА, 2025)

Вера Стојчевска-Антиќ

Мојата почитувана и мила колешка Бистрица Миркуловска со оваа посвета на ќерка си Мила (Милица) пред читателот ја открива ударно суштината на целата книга:

Мила Мили:
Љубов е нежност,
доверба, дарување,
вечна светлина,
сонуван копнеж, надеж,
волшебна илузија...

Со вечна љубов
Мама

(14 февруари 2017)

Милица, која ја уредува книгата, во првиот дел одбира мото за сите разбудени стихови:

„Сон сум сонила...
– на сон сум го видела
Ангелот – фреска
од Курбиново...“

Ја паметам колешката Бистрица како миловидна појава, која секогаш ја посакуваш. Дали тоа ќе биде разговор секојдневен, било да е научен, консултативен, а секако секогаш добронамерен, пријателски. Не паметам и најмала ароганција во дружбите. Како Словенка се вклучи во нашата средина како Македонка.

Во песната „По многу години“ доаѓа исповед и повторно мото:

„Македонка сум –
словенечко потекло...
Пишано било
МАКЕДОНИЈО,
судена сум ти била –
Ти ме прегрна...“

Многу кратка исповед, а толку полна со Човекот – Бистрица. Кога ѝ посветува стихови на својата безмерно сакана ќерка Мила, текстот е распореден во две нацртани срца, во заедништво, во љубов. Љубовта кај Бистрица е токму онаа возвишената, којашто векутум зрачи од Бога. И пак преминала, предадена целосно, кај Милица, која бргу по заминувањето на Големата Мајка, ги издава нејзините необјавени творби, токму во оваа книга што се лепи до мојата, до нашите души, за да допре до секој што ќе ја земе в раце. Возљубената Авторка излегува од вообичаената поставеност:

„Секоја птица
лета во свое јато!“
– ми рече тато.
Не го послушав!
Леле, сум одлетала
Во друго јато...
Го оставив ужален...
– Прости ми, мил мој татко...“

Книгата во моите раце претставува богато наследство од далекусежни мисли. Започнува со собрани народни македонски умотворби, што разбудуваат однос и длабина кон родниот кат. Насловот „Моминско цвеќе невенче“, не случајно има мото:

„ – Крвници клети одеа
моминска глава носеа...“ (посветена на Неве на Георгиева – Дуња.)

Песната „Гулабица лета кон сонцето“ е посветена на Фана Кочовска, најмлад народен херој. „Балада за светулката“ пее за Ибе Паликуќа. Песната „Партизанка Вера“ пее за Вера Јоциќ – Мома народен херој.



Во Вториот дел – Големата Мајка со мото:

„Големата Мајка и
Адам од Говрлево
насон ми идат
во ноќи бесоници...
– убаво ми е!“

Овде Авторката пее за неолитот до денот денешен.

Во песната „Тајна неоткриена“ мотото е од Блаже Конески:

„Открij ми една твоја тајна
па макар колку мала и лесна
јас ќе ја чувам гробно
дури не стане песна.“

Следува песната „Блаже Конески“:

„За животот
и за љубовта одамна
сè е речено...
– Но јас сум посакала уште нешто да речам.“

Убави стихови се испеани за Коле Чашуле, Сречко Косовел, Живко Поповски-Цветин, Киро Глигоров со мото:

„Македонија –
е сè што имаме!
– Да ја чуваме! “
(Дали ја сочувавме?)

Во 15 магистрални сонети првиот е посветен на извонредната мајчинска љубов кон ќерката Милица со наслов „Чемер мигови“. Песната е составена во молитвен акростих.

„На мојата Милица“, потоа „За Анте Поповски“, „За Рацин – Небодопир“, „За Цане Андреевски“, за „Сакаииот зет Марјан“. Во магистралниот сонет за ќерката Милица:

„На мила моја МИЛИ – МИЛИЦА
АНГЕЛ си ми – од БОГА дадена...“

Во Поетскиот дневник (2024) Авторката пее:

„Поезијата
ми е послушание
од СОЗДАТЕЛОТ...“

И покрај големата разновидност, Авторката се исповедува и за сите тајни искрени, во суштината – желби:

„Верувам дека
смислата на животот
е добрината,
хуманоста, љубовта,
верба – ГОСПОД Е ЉУБОВ...“

Посебно треба да се истакне вредноста на книгата, што е воочлива, но посебно нагласувам дека во одредени творби Миркуловска навлегува во длабината на творештвото, како, на пример, во песната посветена на Ѓорѓи Поповски не пропушта да го нарече „Еленче брзоного МАРИОВСКО“ со „вишнеж... кон Мила Македонија...“, „препејувач на Сердарот“... „пискотници се слушаат од Галичник во Река“. Истата длабина ја чувствуваме и преку песните посветени „На Милата Темјанка“ и „На Милата Севрушка“.

Секој читател што ќе ја земе оваа книга ќе посака да го доживее и крајот на делото.



УДК 929Андреевски, Ц.

IN MEMORIAM: ЦАНЕ АНДРЕЕВСКИ

На 5 јули во Скопје, во 95-та година од животот почина Цане Андреевски, прозаист и поет од постарата генерација македонски книжевни автори, кој со своето творештво ќе остане запаметен како „поетот на добрината“. Роден е во 1930 г. во Кратово, каде завршува основно училиште, додека Учителска школа и Филозофски факултет завршува во Скопје. Како помлад новинар учествува во уредување на списанија за деца и на весникот „Млад борец“, но најголемиот дел од својот работен век, сè до пензионирањето, го поминува во Радио Скопје, каде долги години е уредник на Културната редакција и заменик-директор.

Неговите авторски инспирации беа широки. Од творештвото за деца ќе останат запаметени збирките поезија „Сончева порака“ (1951), „Што има ново“ (1959), „Планета со петел“ (1976), „Шинато уво“ (1989); расказите за деца „Јаготки“ (1955), „Нашите први учители“ (1982), „Дарби“ (1990), „Белата мечка, синиот кит и другите“ (1998), „Малата голема точка“ (2005); од поезијата за возрасни: „Добрина“ (1956), „Свечености“ (1964), „Сребрен поток“ (1969), „Врски“ (1982). Во 2007 година стана еден од првите македонски поети што се испроба и во хаику поезијата преку збирката „Дождот“. Особено значаен се смета неговиот придонес преку биографските разговори со Блаже Конески и Илија Милчин.

Цане Андреевски е добитник на наградата „Кочо Рацин“, на РТВ Скопје на Струшките вечери на поезијата, како и на „Книжевен жезол“ во 2016 година.

ОДРЖАНО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА

На 17 мај во свечената сала на Друштвото на писателите на Македонија успешно се одржа редовното годишно Собрание на ДПМ за 2025 г. По достигнувањето на неопходниот кворум од 78 активни членови, присутните во салата и на онлајн платформата Зум (Zoom) одлучуваа по 11 точки на дневниот ред, при што беа усвоени Наративниот и Финансискиот извештај на ДПМ за 2024 г., Финансискиот план и Програмата за работа за 2025 г., како и измени во Статутот на Друштвото и во Правилникот за работа на Управниот одбор. Усвоените материјали наскоро ќе бидат објавени на фб-страницата на ДПМ и ќе бидат достапни и за јавноста.

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КНИЖЕВЕН ФЕСТИВАЛ ИТЕФ (ITEF) 2025

Во периодот 28-29 мај во германскиот конзулат во Истанбул се одржа свеченото отворање на меѓународниот книжевен фестивал ИТЕФ 2025, на кое присуствуваа и добитниците на годишните награди на ДПМ за 2024 г.: Жарко Кујунџиски („Стале Попов"), Иван Антоновски („Ванчо Николески"), Наташа Аврамовска („Димитар Митрев") и Гордана Јовиќ-Стојковска („Мост"), како и претседателот на ДПМ Живко Гроздаоски. Авторите беа придружувани од Диме Ратајкоски, директор на Македонскиот културен центар во Истанбул и од соработничката Хулија Хилми. Оваа година мото на фестивалот е „Чуму книжевноста?", а потоа се одржа и настанот „Книжевни мостови помеѓу Македонија и Турција", на кој беа претставени членовите на ДПМ пред публиката од Истанбул.

ДПМ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2025"

Друштвото на писателите на Македонија со свои претставници учествуваше на манифестацијата „Денови на културата во Општина Илинден 2025", којашто се одржа во Домот на културата „Илинден".

Манифестацијата ја отвори градоначалникот на Општина Илинден, Александар Георгиевски, кој изрази чест и задоволство што уште една година по ред се одржува овој настан што за граѓаните на Општината, но и пошироко, значи чување и проширување на културното богатство, како и промовирање на современите културни достигнувања.

Од Друштвото на писателите на Република Македонија, беа издвоени истакнати доајени во поетскиот свет да ги прочитаат своите стихови пред граѓаните на Општина Илинден. Од ценети и реномирани гости од Хрватска, па сè до истакнати македонски поети, публиката можеше да ужива во пишаниот збор и неизмерниот талент и леснотија со кои овие писатели ја прелеваат уметноста во зборови. Вечерта продолжи со настап на солисти од Националната опера и балет, кои светски ги изведоа своите нумери, токму на сцената во Домот на културата „Илинден".

Претходно се одржа промоција на книгата „Проникнување на тишината" во авторство на реномираната хрватско-македонска поетеса Љерка Тот Наумовска. Промотор на книгата беше Ѓуро Видмановиќ, истакнат хрватски поет, прозаист, книжевен критичар, преведувач, историчар и дипломат. Манифестацијата продолжи со литературно матине за деца на кое настапија истакнати писатели за деца и млади.

ВО ДПМ ОДБЕЛЕЖАНИ 80 ГОДИНИ ОД КОДИФИКАЦИЈАТА НА СТАНДАРДНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК СО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА НОВИТЕ ЧЛЕНОВИ ВО ДРУШТВОТО

На 8.5.2025 во Друштвото на писателите на Македонија беа одбележани осум децении од кодификацијата на стандардниот македонски јазик со претставување на шест од осумте нови членови на Друштвото: Искра Донева, Драгана Лукан Николоски, Лулзим Хазири, Хана Корнети, Митко Гогов и Атанас Бојаровски. Модератор на настанот беше Катерина Богоева, а на разговорот со и претставувањето на авторите му претходеше кратко излагање од Славчо Ковилоски кој направи брз пресек на развојот на македонскиот јазик, а нè потсети и на некои не толку познати имиња што твореле на македонски јазик во времето на НОВ: Илија Топалоски, Марика Наумова, Јаким Синадиноски, Цветанка Органџиева, Бранко Заревски и други.

„КОИ СЕ АВТОРСКИТЕ ПРАВА НА ПИСАТЕЛИТЕ?" – ТРИБИНА ВО ДПМ ПО ПОВОД 23 АПРИЛ, МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА КНИГАТА И НА АВТОРСКОТО ПРАВО

На 25.5.2025 г. во Друштвото на писателите на Македонија се одржа трибина со наслов: „Кои се авторските права на писателите?" На трибината учествуваа Блаже Миневски, Делвина Крлуку, Игор Станојоски, Петар Андоновски и Билјана С. Црвенковска. Настанот беше модериран од претседателот на Друштвото на писателите на Македонија, Живко Гроздаоски. Авторите, меѓу кои има и издавачи и преведувачи, ги споделија своите искуства во врска со авторските права на писателите, а настанот траеше повеќе од час и половина.

НАГРАДАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" ЗА ЈУЛИЈАНА ВЕЛИЧКОВСКА

Збирката „Рајсфершулс" од Јулијана Величковска во издание на ПНВ Публикации е добитник на наградата „Браќа Миладиновци" за 2025 година за најдобра поетска книга меѓу два фестивала, објавена на македонски јазик.

ПРОМОЦИЈА НА „НА ВРВ ОД ОСТРИЦАТА“ ОД СУЗАНА В. СПАСОВСКА


Критичко-есеистичката книга „На врв од острицата“ од Сузана В. Спасовска чиј издавач е „Макавеј“ беше промовирана синоќа во седиштето на Друштвото на писателите на Македонија (ДПМ) во Скопје, во присуство на авторката. Книгата ја промовираа поранешната претседателка на ДПМ, Соња Стојменска-Елзесер и деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Владимир Мартиновски, а за периодот на пишување и објавување на текстовите од книгата (1999-2023) во дел од домашните дневни весници, во повеќе книжевни списанија, како и во рамки на меѓународни научни симпозиуми говореше Сузана В. Спасовска. Таа е автор на седум стихозбирки објавени на македонски јазик, како и на книгата за македонскиот слободен стих, „Слободата на стихот“, објавена како самостојно издание во 2021 година, која беше и во најтесен избор за наградата за критика „Димитар Митрев“ на ДПМ. За самиот процес на издавање на „На врвот од острицата“ што содржи шест поглавја: „Критика на денот“, „Непрежалената периодика“, „Во слава на живата реч“, „Антологиски предизвик“, „Од светот на реалното до небеската река“ и „Вонкнижевни парадигми“, говореше издавачот од „Макавеј“, Владимир Цветкоски.

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЈУБИЛЕИ ЗА НЕКОЛКУ МАКЕДОНСКИ ПИСАТЕЛИ

На 5 јуни во свечената сала на ДПМ се одржа настан на одбележувањето на четирите јубилеи за писателите: Живко Чинго, Ташко Георгиевски, Ката Мисиркова-Руменова и Тодор Чаловски. За Живко Чинго беседа држеше Славе Ѓорѓо Димоски, за Ташко Георгиевски говореше Гоце Ристовски, за Ката Мисиркова-Руменова беседеше Љубинка Донева, а Марина Мијаковска направи одбележување на делото на Тодор Чаловски.

МАНИФЕСТАЦИИ „КНИЖЕВЕН ЖЕЗОЛ“ И „ПРАЗНИК НА ЛИПИТЕ“ ЗА 2025 ГОДИНА

На 13 јуни во 12 часот, во свечената сала на ДПМ, се одржа книжевната меѓународна манифестација „Книжевен жезол“ за 2025 година. Наградени автори се Славе Ѓорго Димоски и Радмила Лазиќ од Србија. За наградените автори беседи одржаа Зоран Јакимоски и Катица Ќулафкова. На 14 јуни се одржа традиционалната манифестација „Празник на липите“ на која читања творби имаа седумнаесет членови на ДПМ.



КНИЖЕВНА ВЕЧЕР

На 24 јуни во ДПМ се одржа книжевно претставување на трите последни романи на Владо Јаневски. Со писателот разговараше Ана Пејчинова.

ПРОЕКЦИЈА НА СЕДУМ КУСОМЕТРАЖНИ ИГРАНИ ФИЛМОВИ ВО КИНОТЕКА

На 2 јули, во летното кино „Мирно лето“ во дворот на Кинотеката на РСМ, се одржа проекцијата на седум кусометражни играни филмови снимани според сценарија од македонски писатели во периодот од 1957 до 1970 година. Пред проекцијата на избраните филмови, пред публиката се обрати селекторот Атанас Чупоски, кој ја претстави програмата и зборуваше за зачетоците на македонската кинематографија.

ЗАКЛУЧОЦИ ОД ОДРЖАНОТО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДПМ ЗА 2025

Годишното Собрание на Друштвото на писателите на Македонија за 2025 г. беше одржано на 17 мај: во просториите на Друштвото и за првпат и дигитално, на платформата Зум (Zoom). Од Собранието Беше изготвен и соодветен записник од страна на членките Ленче Милошевска и Драгана Евтимова, а заверен од членовите Мито Спасевски и Диме Ратајкоски. Главните заклучоци донесени на Собранието се:

– усвоен е Записникот од Собранието на ДПМ од 1.6.2024 г.;
– усвоен е Годишен извештај за работата на ДПМ во 2024 г.;
– усвоен е Периодичен извештај за работата на ДПМ (1.6.2024г.-29.4.2025 г.);
– усвоен е Финансискиот извештај за работата на ДПМ во 2024 г.;
– усвоен е Финансиски план за работата на ДПМ во 2025 г.;
– усвоена е Програма за работа на ДПМ со Годишна програма за работа на ДПМ во 2025 г.
– усвоени се измени и дополнувања во Статутот на ДПМ, а некои од поважните измени се следните:
– изгласана е промена на изгледот на печатот на Друштвото (буквите Д П М ќе бидат заменети од логото од ДПМ);
– авторите што поднесуваат Барање за членство во ДПМ, освен по еден примерок од две свои дела, отсега треба да поднесат и: своја биобиблиографија, две рецензии за нивни дела, како и препорака за членство од активен член на ДПМ;
– усвоени се Измени и дополнувања во Правилникот за работа на УО на ДПМ;
– усвоен е нов износ за годишна членарина во ДПМ, кој изнесува 1.000 ден., а ќе почне да се практикува од почетокот на 2026 г.

РЕДАКЦИЈА

СТРИП НА „СТОЖЕР“, БР.12





Живко Чинго



Ташко Георгиевски, Томе Арсовски, Димитар Митрев, Васил Иљоски, Ацо Алексиев (од лево кон десно)



Тодор Чаловски на СВП, 1984 година



Ката Мисиркова-Руменова













Од настаните на ДПМ

ВРЕМЕПЛОВ

Пред 120 години

Отпечатен е првиот и единствен број на весникот „Вардар“ на Крсте Мисирков. Весникот целосно бил во рамките на зацртаната програма на Мисирков за дефинирање на македонскиот литературен јазик, неговата азбука и неговиот правопис.

Пред 100 години

Излезе „Абецедарот“, буквар на македонски јазик со латинично писмо, подготвен од специјална комисија на грчката влада, а под меѓународен притисок и покровителство на Друштвото на народите во Женева. Буквар от е напишан на леринско-битолскиот дејалект (или на битолско-прилепскиот дијалект) со нагласен фонетски правопис.

Пред 80 години

Книжевната продукција во форма на посебни изданија со уметничка литература во 1945 година започнува со Славко Јаневски со стихозбирката Крвава низа: лирски фрагменти (16 стр.) во издание на „Култура“ од Скопје, Блаже Конески со поемата Мостот (23 стр.) во издание на скопска „Култура“, Венко Марковски со збирките Гламја (170 стр.) и Порои (186 стр.) во издание на Државното книгоиздателство на Македонија. Се препечатувале, допечатувале, и се направиле избори и на неколку автори чии дела биле врзани со борбата против фашистите, како, на пример, препечатеното издание на Ацо Шопов насловено едноставно како „Песни“ (30 стр.) (меѓу критичарите познато како „Песни III“, издание на печатницата „Илинден“ од Штип), Кочо Рацин со „Бели мугри“ (31 стр.) во издание на Агит. Проп. и Песни (58 стр.) во издание на Друштвото на уметниците, книжевниците и научниците, Венко Марковски со второто издание на „Огинот“ (28 стр.) и „Орлите на Македонија“, песни од спевот ‘Партизани’ (21 стр.) во издание на „Култура“, Коле Неделковски со „Песни“ (76 стр.) во издание на Друштвото на уметниците, книжевниците и научниците и со предговор на Митко Зафировски, а го регистрираме и изданието „Зборник на раскази и стихотворенија“ (изработен од учителите од гр. Куманово) во издание на Окружниот Н. О. О. (просветен одбор) на Куманово.

Пред 70 години

Објавен е првиот самостоен број на списанието „Разгледи“ под редакција на Јован Бошковски. Претходно, списанието било објавувано како подлисток на весникот „Нова Македонија“.

Пред 70 години

Од печат излезе збирката песни „Слеј се со тишината“ од Ацо Шопов што предизвикала распламтување на полемиките помеѓу „реалистите“ и „модернистите“. Своевремено оценувана како „поезија на трајни вредности“ (Димитар Митрев) или „имровизации во кои тешко може да се долови каква било поентирана мисла или идеја“ (Милан Ѓурчинов), откако ќе се стишат превирањата, неколку децении подоцна Георги Старделов ќе го изнесе следното мислење: „Доминантната поетска идеја се открива уште во насловот на книгата во поимот тишина, сред која ѝ се доверува исповедта, сред која се медитира, се доживуваат неизбежните ‘меки и нежни штимунзи’. Но, ќе се покаже понатаму во збиркава дека ‘слевањето со тишината’ не претпоставува и не претпочитува глувост, немост на душата, на сетилата, туку – напротив – честа плима и осека на возбудата. Инаку, не би се апострофирала Убавината како ‘диво во крвта завивање’, не би кинела, сечела, не би носела како лавина во онаа ‘вечна притаеност’ и ‘вечно откривање’ што резултира со ерупција; не би била ненаситна, похотна, ‘како жена блудна’ што ја прогонува својата жртва“.

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Грозданоски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Славчо Ковилоски (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Марина Мијаковска
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати:
Датапонс

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.